МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН
ОФИЦИЈАЛЕН РУСКИ ПАРТНЕРСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТЕМА: Извршител и извршна постапка во Република Северна Македонија

Ментор:
доц. д-р Александар Илиевски

Изработила:
Марија Стеваноска Темелкоска
Индекс: **М177032**

СОДРЖИНА

- **Вовед** 4
- **Предмет** 6
- **Цел на истражувањето** …….……8

I ДЕЛ

- **Донесување на Законот за извршување и подзаконските акти**.....9

II ДЕЛ

- **Субјекти на извршувањето** ……..12
- Доверител ……..13
- Должник ……....14
- Услови за избирање на извршител ……...……...15
- Права и обврски на извршителите ……...17
- Правила и начела при спороведување на извршувањето …….....19
- Дисциплинска одговорност на извршителите ……...….21
- Јавна опомена ……..…24
- Парична казна и привремено одземање на правото за вршење на должноста ……...25
- Трајно одземање на правото за вршење на должноста ……..……26
- Улогата на заменик извршителот.……...……..27
- Престанување на должноста на извршителот ……...……..28
- Организација и надзор на работата на извршителите ……29

III ДЕЛ

- **Извршна исправа и извршни дејствија кои ги преземаат извршителите во текот на постапката** ……34

- Карактеристики на извршната исправа ……...…....34
- Извршна судска одлука и судско поравнување ……...……..35
- Извршна одлука и поравнување во управна постапка ……...……...36
- Извршна нотарска исправа ……36
- Постапка и основ за донесување на решенија со кои се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа .....……38

IV ДЕЛ

- **Извршни постапки** ……...……40

- Воведни напомени ……...…...40
- Стадиум на постапката ……..……42
- Видови извршни дејствија ……44
- Извршување поради наплата на парично побарување ……....45
- Извршување поради наплата на парично побарување спрема правни лица ……....48
- Извршување врз побарување по сметка кај банка ……...….49
- Извршување врз подвижни предмети ……50
- Извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност ……...55
- Извршување врз недвижности ……..……56
- Испразнување и предавање на недвижност ……...65

V ДЕЛ

- **Компаративна анализа на приватните извршители во однос на даночните извршители** ……..66

- Извршување во даночна постапка ……..66
- Попис на движни ствари ……..72
- Попис на недвижности ……73
- Средства на присилна наплата ……73
- Присилна наплата на движни предмети ……76
- Присилна наплата на недвижности ……....78
- Отпис на данок ……....80

VI ДЕЛ

- **Компаративна анализа на извршните дејствија, односно принудната наплата во Република Северна Македонија и Република Србија** 87

- Компаративна анализа на извршителите во Република Србија …….87
- **Заклучок** ……....93
- **Библиографија** ……..96
- **Користена литература** ….……..98

ВОВЕД

Извршното право е дел од граѓанското процесно право кое претставува систем на правни норми со кои се регулираат условите за поведување извршна постапка, својствата и процесната положба на субјектите во извршната постапка, нивните права и должности, процесните дејствија што тие ги преземаат, како и последиците од тие процесни дејствија.[1]

Од досегашните анализи се утврдило дека со Законот за извршување е реализирана основната цел, а тоа е да се создаде ефикасен систем на извршување и остварување на правата на доверителите во разумен рок.

Со донесувањето на Законот за извршување комплетно е променет системот на извршување на судските одлуки, со што се напушти системот на судско извршување, а извршувањето е пренасочено кај извршителите – приватни лица кои вршат јасни овластувања именувани во согласнот со Законот. Донесената одлука за промена на системот на извршување на судските одлуки е заснована врз факти кои ја докажуваат неговата бавност во работењето, неефикасноста, неефективноста и сл. Тогашниот Закон за извршна постапка и неговата примена укажуваат на неефикасност во процесот на извршување на судските одлуки во граѓанските предмети, како и на одлуките на органите на државната управа кои гласат на исполнување на парнична обврска.

Пред да се донесе Законот за извршување, извршувањето го спроведувале судски извршители кои биле составен дел од судот. Исто како и приватните извршители кои се именувани од Министерот за правда, и судските извршители вршеле принудна наплата и преземале исти дејствија.

1Татјана Зороска - Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

Меѓутоа, судските одлуки се донесувале по долгогодишна постапка и нивното извршување траело пет до десет години, а не ретко доаѓало до состојба целокупната постапка во граѓанската и управната област да надмине период од две или повеќе декади.

Ваквата состојба не може да се смета за разумен рок на постапување пред домашните судови при реализацијата на граѓанските права. Примената на Законот за извршна постапка не можела да ги задоволи потребите на пазарната економија во Република Македонија ниту пак да привлече странски инвестиции. Состојбата со примената на Законот за извршна постапка и дотогашните искуства укажувале на тоа дека мора да се менува начинот на извршување. Извршувањето на судските одлуки е заштитено со Европската конвенција за човековите права и основните слободи, па соодветно на тоа се зголемил бројот на предмети пред Европскиот суд за човекови права против Владата на Република Македонија токму во сферата на разумноста на извршните постапки пред домашните судови. Европскиот суд за човекови права во Стразбур постојано укажуваше на тоа дека процесот на извршување и спроведување на судските одлуки претставува интегрален дел од основното човеково право на фер постапување во разумни рокови. Разбирливо, неажурноста на судските извршители резултирала со незадоволсто кај доверителите, кои не можеле ефикасно да ги наплатат своите доспеани побарувања, па затоа државата донесува одлука за воведување на приватни извршители.

Од погоре наведеното јасно се гледа оправданоста на Законот за извршување, а со воведувањето на јавните извршители се надмина децениското и неефикасно судско присилно извршување, кое сериозно ја нарушуваше правната држава.[2]

Правосилните судски одлуки со кои доверителите добиваа определено право, а кои должниците не ги почитуваа и не ги реализираа во законски определените рокови, веќе не се само голи декларативни права, туку извршни исправи врз основа на кои доверителите имаат можност за брза и ефикасна реализација, а сето тоа се постигнало благодарение на овој закон. На тој начин, престанаа да се штитат должниците и заштитата се ориентираше кон доверителите.[3]

2http://www.dw.de, Блерим Беџети, министер за правда; пристапено на 17.02.2015 година
3 http://www.dw.de, Блерим Беџети, Министер за правда, пристапено на 17.02.2015 година

Сето тоа укажува дека со донесувањето на Законот за извршување се постигнаа позитивни ефекти, особено на страна на доверителите, кои со овој закон на многу полесен начин можат да ги реализираат своите побарувања.

Самиот факт дека во судот постоеле неколку стотици илјади предмети кои чекале за наплата, а за кои не биле преземани извршни дејствија и за кои денес најмногу трпат доверителите и должниците, го оправдува донесувањето на Законот за извршување, кој важи и ден-денес.

ПРЕДМЕТ

Во време на сè поголема сиромаштија и голема невработеност, многу од луѓето не можат да преживеат и да ги прехранат своите семејства. И покрај тоа што светот денес е поразвиен, технологијата понапредна и во маркетите има голем избор на производи за кои луѓето мечтаеле во минатото, тие сепак не можат да си дозволат луксуз заради нивната финансиска состојба. Во развиениот свет каде што живееме, секое поскапување повлекува и раст на цените на струјата, водата, комуналните услуги, производите, услугите и сл. Како резултат на тоа, едно семејство со минимални примања не може во целост да ги исполни обврските кон државата и кон институциите. Сепак, наспроти тешките економски услови на многу граѓани кои од објективни причини не можат да си ги исполнат обврските, има и такви чија финансиска состојба е прилично добра, па сепак не плаќаат за услугите кои ги користат.

Поради горенаведените околности во коишто се наоѓаат голем дел од граѓаните кои не ги исполниле обврските, а користеле одредени услуги, институциите што ги даваат услугите го заштитуваат своето право на суд. Пред донесувањето на Законот за извршување, извршувањето го спроведувале судски извршители кои биле составен дел на судот. Исто како и приватните извршители кои се именувани од Министерот за правда, и судските извршители вршеле принудна наплата и преземале исти дејствија. Меѓутоа, судските извршители не спроведувале ефикасно извршување согласно со нивната надлежност и поставеност. Ваквата неажурност и неефикасност резултирала со

незадоволсто кај доверителите кои не можеле да ги наплатат своите доспеани побарувања, па затоа државата донесува одлука за воведување на приватни извршители.

Именувањето на извршителите го спроведува Министерот за правда. Согласно со Законот, постојат услови кои едно лице треба да ги исполнува за да може да биде именувано како извршител. Може да се каже дека извршителите се носители на крајниот стадиум во постапката на извршување на обврските. Тие претставуваат органи коишто спроведуваат присилна наплата со преземање на најразлични мерки во рамките на законот. Дејствијата кои ги преземаат можат да бидат најразлични, како на пример блокирање на сметки, заплена на подвижен и недвижен имот и сл.

Од донесувањето на Законот за извршување па сè до денес, функцијата извршител станува попозната меѓу луѓето, поради тоа што тие секојдневно ги извршуваат обврските согласно Законот, под директна закрила на Министерство за правда.

Исто така битна за извршувањето е и Комората на извршители, која се состои од претседател на Комората и Совет. Основни активности на Комората се донесување на одлуки, давање на предлози, организирање семинари и сл., сè со цел да се подобри работењето на извршителите.

Покрај приватните извршители, во нашата држава постојат и даночни извршители кои исто така вршат принудна наплата и преземаат дејствија за граѓаните кои ненавремено ги исполнуваат обврските утврдени со Законот за даночна постапка.Тие извршители работат под закрила на Управата за јавни приходи. Дејствијата кои ги преземаат и едните и другите извршители се слични, но сепак постојат разлики меѓу нив. Сличноста се гледа во тоа што и едните и другите имаат овластувања да блокираат сметки на граѓаните, да запленат подвижен и недвижен имот и сл. Но, една од најголемите разлики е тоа што приватниот извршител врши принудна наплата под сопственото име и се појавува како лице поединец, додека даночните извршители дејствијата ги преземаат под името на Управата за јавни приходи. Разликата се гледа и во безбедноста која ја имаат даночните извршители во однос на приватните. Кај приватните извршители безбедноста е загрозена поради тоа што секојдневно се во директен судир со револтирани странки, кои бесот и гневот за состојбата во државата и нивната финансиска ситуација ги истураат на извршителот.

Со воведување на приватните извршители, денес ситуацијата во државата е многу подобра, а ефикасноста на нивното дејствување се гледа во бројот на реализирани побарувања на доверителите.

ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Основна цел на истражувањето е поблиско запознавање со Законот за извршување, неговите предности и недостатоци и неговото спроведување во Републиката.

Исто така, цел на истражувањето е да се утврдат сличностите и разликите помеѓу приватните и даночните извршители.

Трудот има за цел поблиску да ја запознае стручната и научната јавност со Законот за извршување и со тоа како работат извршителите и колкав е нивниот придонес за државата во однос на даночните извршители и нивното работење. За остварување на целите на трудот, во текот на истражувањето ќе се реализираат следниве задачи:

- Ќе се истражи регулаторната рамка која го регулира Законот за извршување,
- Ќе се истражи регулаторната рамка која го регулира Законот за даночна постапка,
- Ќе се истражат овластувањата на извршителите и дејствијата кои ги презмаат за време на нивното работење, нивниот статус и целта која ја остваруваат,
- Ќе се истражи како тие како лица со јавни овластувања помагаат граѓаните да ги остварат своите права кои претходно, може да се рече, скоро и не било возможно да се остварат,
- Ќе се прикажат компаративни примери во однос на принудната наплата и како таа се одвива кај приватните, а како кај даночните извршители и каква разлика има во нивното работење,
- Ќе се наведат препораки за подобрување на работата на извршителите како една многу стресна професија, посебно во поглед на нивната безбедност при работењето и ќе биде направена компаративна анализа во однос на безбедноста што ја поседуваат даночните извршители.

I ДЕЛ

ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ И ПОДЗАКОНСКИТЕ АКТИ

Позитивното искуство со воведувањето на законите за извршување во другите земји придонесе да се направат реформи во начинот на извршување и кај нас. Покрај искуството од другите земји, најважна причина за воведување на реформи во извршувањето беше и неефикасноста на поранешниот Закон и начинот на кој се спроведуваше извршувањето.

Сето тоа доведе до донесување на Законот за извршување кој имаше за цел да се изгради современ и ефикасен правен систем што ќе го подобри принципот на владеење на правото во правец на постигнување целосна правна сигурност на сите субјекти во општеството. Спроведените реформи резултираа со силен импакт во развојот на еден систем што долги години претходно беше во очајна и безизлезна состојба.

Во поширока смисла на зборот, потреба од присилно извршување, но заради обезбедување на определено побарување може да се појави и пред поведувањето на постапката или во текот на постапката во која треба авторитетно и несомнено да се одлучи за постоењето и содржината на определено право. Се работи за ситуации кога треба да се даде привремена заштита поради постоење на опасност дека без таква привремена заштита ќе се оневозможи или значително ќе се отежне идното остварување на правото. Таквата заштита во овој случај не е дефинитивна туку привремена и трае сè додека на авторитетен начин не се утврди содржината на правото, односно додека не се исполнат условите за присилно извршување.[4]

4Татјана Зороска - Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 г.

Законот за извршување имплементира нов систем на приватно извршување со именување приватни извршители коишто имаат јавни овластувања. Донесувањето на Законот имаше за цел забрзување на постапките на извршување и побрза реализација на извршните исправи од страна на приватните извршители, притоа во целост почитувајки ја личноста на доверителот кој има интерес да го наплати своето побарување, почитувајки ја и личноста на должникот, а сето тоа да биде во согласност со ограничувањата кои ги утврдува Законот при спроведување на извршувањето.

Со Законот се утврдени основите за извршување и започнувањето на извршување кај овластен извршител, неговата надлежност, обемот на извршувањето, заштитата на странките, учесниците во постаката за извршување и нивните семејства, итноста и редоследот на постапувањето, редослед на намирување на повеќе доверители, извршување на одлука на странски суд, извршување на имот врз странска држава.

Законот за извршување го збогати правниот систем во Република Македонија и даде најголем придонес за остварување на целите врз кои е заснован. Доверителите на многу брз и ефикасен начин го реализираат своето побарување. Сето ова не е позитивно само за доверителите туку и за целата држава, која на овој начин има вратено над половина милијарда евра во стопанството. Една од позитивните страни на Законот е тоа дека со неговото донесување се разбуди свеста кај граѓаните за плаќање на нивните обврски. Ако претходно сметале дека не е задолжително обврските што ги имаат навремено да ги подмират, денес тоа воопшто не е така. Граѓаните се соочени со фактот дека Законот постои и дека мора да се применува и почитува.

Во врска со постоењето на извршителите, ставот на Комората на извршители е дека во текот на работењето извршителите се соочуваат со многу непријатности. Сепак, кога ќе се запрашаме дали извршителите треба да постојат, без исклучок, одговорот е да. Неспорно е дека доколку не постојат извршители никој ништо нема да плаќа во оваа држава, и не само во нашава држава туку тоа е психологија која владее секаде.[5]

5 http://www.telegraf.mk/aktuelno/166411-petreski-izvrsitelite-se-pogresna-adresa-za-revoltot-na-gragjanite,Зоран Петрески, пристапено на 02.03.2015 година

Донесувањето на Законот за извршување и за поведување на извршната постапка е оправдано со цели кои треба да се исполнат.

Во зависност од тоа која е целта на извршната постапка, се разликуваат две посебни постапки, и тоа: постапка на извршување, во која со преземање на дејствија на принуда спрема должникот се остварува некое побарување на доверителот утврдено со извршна исправа на несомнен и авторитетен начин и постапка за обезбедување, која се спроведува во случај кога не се исполнети условите да се спроведе постапка на извршување, па се дава привремена заштита со преземење на определени мерки за обезбедување. Сето тоа трае сé додека не се исполнат условите за спроведување на извршувањето.

Во правниот систем на Република Македонија, постапката на извршување ги опфаќа оние правни правила според кои постапуваат извршителите заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, или пак заради присилно извршување на одлука донесена во управна постапка која гласи овојпат на исполнување на парична обврска, заради присилно извршување на нотарска извршна исправа, како и при извршување на брод и на воздухоплов.[6]

6 Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

II ДЕЛ

СУБЈЕКТИ НА ИЗВРШУВАЊЕТО

Извршителот е главниот субјект кој ја започнува самата постапка. Тој како главен субјект во постапката треба да се стреми кон остварување на највисоките етички стандарди во професионалното однесување.

Постапката за извршување се води пред извршител, како лице со јавни овластувања утврдени со закон, кој го спроведува извршувањето и е главен субјект во постапката. Но, определена улога во постапката на извршување има и судот, кој интервенира во одредени случаи определени со закон.[8]

Извршната постапка по правило се води меѓу две странки: активна странка којашто се нарекува доверител, која бара присилно извршување или обезбедување на определено побарување, и пасивна странка односно должник, во однос на која се бара извршување или обезбедување.[7]

Покрај извршителот, како субјекти во извршувањето се јавуваат странките кои доаѓаат во својство на доверители и должници. Доверители се оние лица кои побаруваат од извршителот да спроведе извршување врз основа на извршна исправа и да си го реализираат побарувањето. Од другата страна на постапката се јавуваат должниците, за кои самото име кажува дека се лица кои не ги исполниле своите обврски за навремено плаќање. Во досегашната практика се покажало дека во постапката на извршување постои голем ризик за извршителот. Тоа е така бидејќи лицата-должници секогаш пристапуваат со нервоза и нетрпение кај извршителот и со гнев кој го носат со себе поради неможноста навреме да ги исполнат обврките. Но, и по сето тоа извршителот треба максимално да се труди да има добар пристап со странките и нормална и разумна комуникација којашто ќе биде разбирлива за секоја странка, со што ќе бидат избегнати сите непријатности на кои се изложени извршителите.

7 Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

Странките во постапката на извршување треба да имаат и процесна легитимација за водење на оваа постапка, а тоа всушност значи овластување на конкретен доверител за поведување на постапка на извршување против конкретен должник. Ваквата легитимација за водење на постапка на извршување произлегува од извршната исправа и неа ја поседуваат лицата кои во извршната исправа се означени како доверител и должник, но покрај овие лица процесно легитимирани се и лицата кои со квалификувана исправа докажуваат дека со сукцесија стекнале процесна положба на странка.[8]

Според мислењето коешто го има претседателот на Комората на извршители, сите должници според Законот се третираат рамноправно, и граѓаните и фирмите и државата се еднакви пред Законот. Извршителот при постапувањето постапува исто така професионално, па кога го добива предметот тој веднаш го работи, без разлика чиј е, и не може некој предмет да добива приоритет пред друг. За сите важат истите рокови пред блокирање. Често, најевтино за граѓаните и за фирмите е блокирање на сметката или блокада на една третина од платата или пензијата.[9]

ДОВЕРИТЕЛ

Доверител е лице чие побарување се остварува во постапката на извршување, односно во чија корист се спроведува извршувањето. Под побарување се подразбира право на наплата на паричен износ или право на некое сторување или несторување или трпење и таквото побарување може да биде парично или непарично.

Постапката за обезбедување на побарувањата се поведува по барање на тужителот, односно доверителот со Барање за извршување кое доверителот го поднесува во писмена форма, со приложување на извршната исправа во оригинал.

8 Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

9 http://www.telegraf.mk/aktuelno/166411-petreski-izvrsitelite-se-pogresna-adresa-za-revoltot-na-gragjanite, Зоран Петрески, пристапено на 02.03.2015 година

Доверителот може слободно да располага со барањето за извршување и тој исто така има право без согласност на должникот да го повлече барањето за извршување во целост или делумно, освен во случаите кога со повлекувањето на барањето се злоупотребуваат правата на доверителот. Во случај доверителот да го повлече барањето, извршителот го запира извршувањето, но после тоа може да поднесе ново барање за извршување.

Доколку со повлекување на барањето за извршување од страна на доверителот се предизвикува штета за должникот, доверителот е должен да му ја надомести штетата на должникот.

ДОЛЖНИК

Должникот е лице спрема кое се остварува побарување кое може да биде парично или непарично.

Согласно со Законот за извршување, должникот е обврзан по барање на извршителот да ги изнесе сите неопходни податоци за неговиот личен имот и приход, неопходни за извршување на извршната исправа. Доколку должникот даде неточни или нецелосни податоци, одговара како за давање на лажен исказ во постапка пред суд. Досегашната практика покажала дека во постапката на извршување постои голем ризик за извршителот. Кај повеќето должници преовладува негативно мислење за извршителите. Тоа е така бидејќи лицата-должници секогаш пристапуваат со нервоза и нетрпеливост кон извршителот и со гнев кој го носат во себе поради неможноста навреме да ги исполнат обврките од различни причини.

Но, како што веќе напоменавме, и покрај сето тоа извршителот треба да има правилен пристап и да одржи нормална и разумна комуникација со секоја странка, со цел да ги избегне непријатностите на кои се изложени извршителите.

УСЛОВИ ЗА ИЗБИРАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛ

Како што напоменавме, извршителот е главниот субјект во постапката за извршување и како таков тој е секојдневно изложен на ризик во работењето, бидејќи извршувањето е една многу тешка и стресна професија која има силно влијание во спроведувањето на правдата.

Извршителот се именува за подрачјето на одреден основен суд и неговата надлежност е да извршува извршни исправи на судот или органот чие седиште е на подрачјето на коешто е именуван, а при спроведување на извршувањето презема дејствија на целата територија на Република Македонија. Бројот на извршителите за подрачјето на основниот суд го определува министерот за правда врз основа на претходно прибавено мислење од претседателот на основниот суд за бројот на правосилните и извршните одлуки на тој суд. Сепак, не може секое лице да биде извршител. За едно лице да биде именувано за извршител потребно е да исполнува одредени услови кои ги пропишува Законот за извршување, пред сè да бидее државјанин на Република Македонија и да е деловно способно. Покрај овие услови, потребно е лицето да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС) и, секако, битен услов за именување на извршител е лицето да има работно искуство од најмалку 5 години на правни работи или 3 години на извршни работи и да го има положено испитот за извршител, кој според програматата го пропишува министерот за правда. За лицето да биде именувано за извршител, потребно е активно да го владее македонскиот јазик и да исполнува и други услови кои ги пропишува Законот.

Со испитот кој одредено лице треба да го полага за да може да биде именувано за извршител се проверува познавањето на правните прописи со кои се уредува должноста извршител, начинот на извршување на извршните исправи, уредувањето на сферата на трговските друштва, претпријатијата и правните лица, платниот промет, евиденцијата на правата на недвижности, наследното, стварното и кривичното право, парничната постапка, вонпарничната постапка и други прописи неопходни за вршење на должноста извршител.

По именувањето, извршителот е должен да даде свечена изјава пред министерот за правда .[10]

По давањето на свечената изјава на извршителот, министерот за правда му дава повелба за именување, со која тој стекнува право да го користи називот извршител. Извршителот е должен да ја извести Комората на извршители на Република Македонија за денот на отпочнување со дејност. Доколку не започне со работа во рок од 3 месеци од објавувањето на датумот на почеток со работа во Службен весник на Република Македонија или шест месеци од именувањето за извршител, се смета дека тој воопшто не започнал со работа. Со именувањето и започнувањето со вршење на дејност, извршителот се запишува во именикот на извршители што го води Комората. Седиштето на извршителот се наоѓа во местото кое територијално припаѓа на подрачјето на основниот суд за кој тој е именуван.

Со посебен правилник, бројот на извршители е утврден врз основа на повеќе критериуми, како што се:

- бројот и распоредот на службените седишта на извршителите на подрачјето на Република Македонија;
- податоците за правосилни и извршни одлуки и податоците за конечни управни одлуки кои гласат на парични побарувања за подрачјето на основниот суд;
- постојниот број на извршни судии и бројот на тековните предмети на подрачјето на основниот суд, како и
- развиеноста на правниот сообраќај и бројот на жители на подрачјето на основниот суд и меѓусебната поврзаност на подрачјето на различни основни судови.

Министерот за правда на именуваниот извршител му издава легитимација чија форма, содржина и начин на издавање и одземање ја пропишува истиот. Со издадената легитимација извршителот задолжително се легитимира при преземање на извршни дејствија. Доколку му престанала функцијата, според Законот за извршување потребно е да ја предаде легитимацијата во Министерството за правда, а доколку не ја предаде,

10 Член 34 од Законот за извршување, Службен весник на РМ бр.59/11

министерот ја поништува по службена должност и за тоа се известува извршителот како и Комората.

Постојат одредени ограничувања на кои извршителот треба да се придржува во својата работа, меѓу кои и тоа дека не смее да врши јавни функции или раководни, надзорни и управни функции во трговски друштва, државни заводи, трговски дејности, посреднички, нотарски и адвокатски работи.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Извршителот има право на пристап до сите информации и податоци од работодавецот, банките, јавните книги и регистрите за конкретен должник со цел побрзо спроведување на извршувањето. Тој исто така има право да побара податок од орган на државната управа или правно лице кое води регистар, како и асистенција од орган на државната управа за спроведување на предметот на извршувањето.

Во текот на работењето извршителите имаат право да користат тарифа за награда и надоместоци според која се утврдуваат извршните трошоци - трошоците кои извршителот ги направил во текот на постапувањето и кои ги наплаќа од должникот или доверителот во одредени ситуации.

За дејствијата кои ги презема и ги реализира, извршителот е должен да наплати награда. Во преземањето на извршни дејствија, наградата ја определува според видот на извршната исправа и според износот на главното побарување утврдено во извршната исправа кај паричните побарувања, односно според вредноста на предметот на извршување кај непарични побарувања.

Согласно со Законот, кога вредноста на предметот на извршување кај непаричното побарување не е утврдена во извршната исправа, во тој случај наградата на извршителот за извршените дејствија изнесува 300 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметувањето, но кога вредноста на предметот на извршување кај непарични побарувања е утврдена во

извршната исправа, наградата на извршителот за извршените дејствија се пресметува според тарифата, односно износот на главното побарување, цената за администрирање на предметот и наградата за извршените дејствија.

Наградата на извршителот за извршените дејствија не може и не смее да биде поголема од 7500 илјади евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметувањето без оглед на висината и видот на побарувањето. Кога извршувањето се спроведува за наплата на парично побарување, наградата на извршителот за извршените дејствија не може да биде поголема од 3500 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на пресметувањето.[11]

Една од најбитните обврски на извршителите е континуираното стручно оспособување преку присуство на семинари и други едукативни средби на кои се разгледуваат прашања од практичната примена на законите, а посебно на Законот за извршување.

Овие семинари ги организира Комората на извршители и на нив присуствуваат истакнати правни теоретичари и практичари, професори на правните факултети, судии на Врховниот суд, Апелационите судови и Управниот суд и претставници на други институции. Извршителите често даваат определени предлози потребни за промени како во Законот за извршување така и во други закони. Секој извршител се евидентира дека бил присутен на семинарот, а евиденцијата ја води Комората на извршители. Нивното присуство на ваквите семинари секако придонесува да се стекнат со поголемо знаење и искуство.

11Член 46 ст.1.2 од Законот за извршување, Службен весник на РМ бр.59/11

ПРАВИЛА И НАЧЕЛА ПРИ СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИЗВРШУВАЊЕТО

Постојат закони, правила и ред други акти со кои се пропишуваат правилата на работење и последиците од непочитување на истите.

Постојат и начела во извршната постапка коишто мора да се почитуваат и кои се утврдени со закон, а тоа се:

а) Начело на диспозиција и начело на официјалност - Начелото на диспозиција ја објаснува постапката за обезбедување на побарувањата која се поведува по барање на доверителот, додека начелото на официјалност објаснува дека еднаш поведената постапка на извршување надлежниот извршител ја води по службена должност сè до нејзиното завршување.

б) Начело на строг формален легалитет - Суштината на ова начело се состои во неколку аспекти. Прво, при спроведување на извршувањето, извршителот е должен извршните дејствија да ги презема согласно со Законот и подзаконските акти, односно да ги применува правилата на извршната постапка и, второ, според ова начело, постоењето на побарувањето и легитимацијата на странките може да се докаже само со квалификувани исправи со кои на несомнен начин се утврдува побарувањето.

в) Начело на итност - Ова начело особено доаѓа до израз со кратките рокови за преземање на одделни процесни дејствија. Од начелото на итност е инспириран и системот на правни лекови во извршната постапка.

г) Начело на социјално постапување, односно начело на заштита на должникот - Начелото на социјално постапување се конкретизира преку одредбите на Законот за извршување кои се однесуваат на изземање од извршување, односно ограничување на извршувањето врз определени предмети и права како што е изземање на подвижни предмети од попис, или на социјалниот паричен надоместок и сл.

д) Начело на редослед во намирувањето - Ова начело, како што кажува и самото име, се однесува на определувањето на приоритетот во намирувањето на доверителите.[12]

Конкретно, потребно е извршителите да постапуваат согласно со одредбите на Законот за извршување и Законот за парнична постапка, како и со останатата законска регулатива на Република Македонија, со целосна примена на подзаконските акти потребни за правилна примена на Законот за извршување, при што извршителот треба во целост да го применува Правилникот за формата и содржината на налозите, барањата, службените белешки и другите акти кои ги изготвува при преземањето на извршните дејствија.
Со Законот на извршување се уредуваат правилата според кои извршителите постапуваат заради присилно извршување на одлуки.

Законот за извршување утврдува одредби во поглед на дисциплинската одговорност на извршителите. Во врска со однесувањето на извршителите секако се земаат предвид и препораките на Советот на Европа во кои се истакнува дека тие треба да бидат принципиелни и компетентни при спроведување на нивните должности и во секое време да постапуваат високопрофесионално, со усвоените етички стандарди и покрај тоа што извршуваат доста сложена и одговорна работа која подразбира познавање на многу правни правила и инструменти.

Во работењето со странките извршителите треба да бидат непристрасни и професионално да ја извршуваат работата, а оние за кои постои сомневање дека ја злоупотребиле својата позиција треба да бидат предмет на дисциплинска, граѓанска или кривична постапка. Извршителот одговара дисциплински за своето нестручно и несовесно работење ако со своето однесување при спроведување на извршувањето врши повреда на службената должност предвидена во Законот за извршување, подзаконските акти и други акти со кои се уредува работењето на извршителот. Нестручното постапување е повреда

12 Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

на Законот, но исто така предизвикува и повреда на правата на странките или на трети лица.

ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

За сторена дисциплинска повреда на извршителот можат да му се изречат следниве дисциплински мерки:

а) јавна опомена;

б) парична казна;

в) привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител и

г) трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.[13]

Несовесно постапување е постапување спротивно на етичките норми, професионалните стандарди и правилата на извршителската должност. Секој извршител во преземањето на извршни дејствија треба да постапува согласно со Законот и подзаконските акти. Но, и покрај тоа што извршителите го познаваат правото и законите и ги знаат правилата и ограничувањата според кои треба да се раководат, може да се случи да направат повреда на Законот.

Комората на извршители дава објаснување за постапката за правилно работење на извршителите. Контролата на работењето на извршителите ја вршат Комората, Министерството за правда и УЈП. На тој начин, не може извршителот да направи проблем или прекршок, а да не биде откриен. Таквата можност е сведена на минимум. Незадоволната странка може да поднесе приговор, по што следува контрола.[14]

Извршителот на кого му е изречена дисциплинска мерка одземање на правото на вршење на должноста се брише од евиденцијата на извршители.

---

13 Член 54-а од Законот за извршување, Службен весник на РМ бр. 59/11

14 http://www.telegraf.mk/aktuelno/166411-petreski-izvrsitelite-se-pogresna-adresa-za-revoltot-na-gragjanite, Зоран Петрески, пристапено на 02.03.2015 година

Секако дека постојат и рокови на застареност за поведување на дисциплинската постапка. Таа може да се поднесе во рок од две години, а застареноста почнува да тече од денот кога дисциплинската повреда е направена.

Дисциплинската постапка ја води дисциплинска комисија при Комората на извршители. Постапката се води согласно со одредбите од Законот за извршување и актите на Комората, односно во согласност со Статутот, Правилникот за дисциплинска и материјална одговорност како и другите акти на Комората. Дисциплинската комисија како орган на Комората ја избира Собранието на Комората. Таа е составена од 5 членови и нивни заменици со мандат од 3 години, со право на повторен избор. Двајца членови и нивните заменици се избираат од редот на членовите на Комората, двајца членови и нивните заменици од редот на судиите по предлог на Судскиот совет на Република Македонија и еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда. Дисциплинската постапка се поведува по предлог на овластен подносител. Дисциплинската комисија донесува одлука по предлогот. Дисциплинската постапка се поведува по предлог на председателот на Комората, претседателот на Основниот суд на чие подрачје е седиштето на извршителот и министерот за правда.

Претседателот на Комората на извршители може да поднесе предлог за поведување на дисциплинска постака доколку извршителот изврши повреди на кодексот за професионална етика и обврските предвидени во Статутот и другите општи акти на Комората и утврдените состојби кои укажуваат на сторена дисциплинска повреда од извршен надзор согласно со актите на Комората. Исто така, постапка може да се поведе и по предлог на странките и учесниците во извршувањето во случај кога извршителот врши повреда на Законот.

Претседателот на основниот суд може да поведе дисциплинска постапка ако, одлучувајќи по приговор, утврди неправилности при извршувањето.

Министерот за правда може да поднесе предлог за поведување на дисциплинска постапка доколку во извештајот од извршен надзор кај извршителот се утврдени состојби кои укажуваат на сторена повреда.

Составен дел на Комората е и дисциплинската комисија, до која се доставува предлогот за поведување на дисциплинска постапка. Предлогот треба да содржи факти и докази од кои се утврдува постоењето на дисциплинската повреда. Веднаш по приемот, а најдоцна во

рок од 5 дена, дисциплинската комисија предлогот го доставувува на одговор до извршителот на кого тој се однесува.

Кога предогот ќе стигне кај извршителот, тој треба во рок од 8 дена да поднесе одговор како и да приложи соодветни докази со кои ги побива наводите дадени во предлогот. Постапката пред дисциплинската комисија е итна, а одлуката треба да се донесе најдоцна во рок од 60 дена.

Во текот на постапката извршителот има право непосредно да се произнесе за наводите во пријавата. Дисциплинската комисија, доколку е тоа потребно за донесување на одлуката, има право да изврши увид во списите по предметот или да бара други докази, за што се составува записник.

По собирањето на доказите, дициплинската комисија во најбрз можен рок донесува одлука која може да биде во форма на решение со кое се отфрла предлогот за поведување дисциплинска постака доколку истиот е недозволен односно поднесен од неовластен подносител, решение со кое се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда или решение со кое извршителот се огласува за виновен за сторена повреда, при што му се изрекува дисциплинска мерка. Дисциплинската комисија ги известува подносителот на пријавата и министерот за правда за донесената одлука. Против таа одлука извршителот има право на правна заштита пред надлежен суд. Покрај наведените дисциплински мерки, по барање на предлагачот дисциплинската комисија може да донесе одлука со која на извршителот привремено му се забранува вршење на должноста. Оваа мерка трае сè до завршувањето на дисциплинската постапка. Привремена забрана за вршење на должноста ќе се определи без оглед на тоа дали е поведена дисциплинска постапка против извршителот во случаи кога се исполнети условите за разрешување на извршителот, кога е поведена постака за одземање на деловна способност, кога е донесено правосилно решение за поведување на истрага за кривични дела сторени во врска со службените дејствија сè додека трае истрагата и кога на извршителот му е изречена забрана за вршење на должноста. За одлуката привремена забрана за вршење на должноста Комисијата ги известува Комората, претседателот на Основниот суд за чие подрачје е именуван извршителот и министерот за правда. За време на привремена забрана за вршење на должноста извршителот не смее да презема никакви службени дејствија. Извршувањето на одлуките донесени во дисциплинксата постапка е грижа на претседателот на Комората.

Конечните одлуки за изречената парична казна имаат сила на извршна исправа и претседателот на Комората е должен да поднесе барање за присилно извршување до надлежен извршител. Наплатените средства добиени со правосилното извршување одат на сметка на Комората. Средствата можат да се користат исклучиво за стручно оспособување на извршителите. Доколку му е изречена мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста, извршителот се брише од евиденцијата на извршители.

Конечната одлука со која е изречена друга дисциплинска мерка како и неправосилната одлука за привремена забрана за вршење на должноста се запишуваат во евиденцијата на извршителите. Ако со одлука на дисциплинската комисија е изречена дисциплинска мерка привремено одземање на правото за вршење на должноста или трајно одземање на правото за вршење на должноста, Министерстовот за правда изречените дисциплински мерки ги објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

ЈАВНА ОПОМЕНА

Јавната опомена се смета за поблаг вид на казна. Таа се става на огласна табла и стои 60 дена од денот на изрекувањето. Паричната казна се изрекува во износ од 1500 до 5000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија. Доколку се изрече мерка времено одземање на правото на вршење на должноста, таа може да биде во траење од три месеци до една година. Најригорозната мерка е трајно одземање на правото за вршење на должноста и таа се изрекува секогаш кога извршителот бил именуван свесно прикривајќи го постоењето на законските пречки за тоа и кога за времето за кое привремено му е одземено правото на вршење на должноста или привремено му е забрането вршењето на должноста тој врши извршни работи или на друг начин ја избегнува дисциплинската мерка. Кога на извршителот му се изрекува дисциплинска мерка се земаат предвид повеќе фактори кои влијаат во одредувањето на мерката и тоа: тежината на повредата, последиците од таа повреда, степенот на одговорност, околностите под кои е сторена повредата, поранешното однесување на извршителот како и други олеснителни и отежнувачки околности. Одлуките за дисциплинска одговорност се објавуваат на веб-страницата на Комората и Министерството за правда во согласност со одредбите на Законот на заштита на лични

податоци, но сето тоа со објавување на иницијалите од името и презимето и седиштето на извршителот.

Јавна опомена или парична казна се изрекува на извршителот во случаи кои ги определил Законот, односно ако неуредно ги чува службените слиси и податоци, ги повредува правилата на етичкиот кодекс на однесување на извршителите со што го намалува угледот на извршителската должност, ако со своето однесување при спроведување на извршните дејствија го нарушува угледот и честа на службените лица, други лица или органот што го претставуваат и ако не ги исполнува обврските определни со актите на Комората кои се однесуваат на унапредување и развивање на извршителската должност.[15]

ПАРИЧНА КАЗНА И ПРИВРЕМЕНО ОДЗЕМАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОЛЖНОСТА

Дисциплинската мерка парична казна или привремено одземање на правото за вршење на должноста ќе му се изрече на извршител ако: при спроведување на извршните дејствија не води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршувањето и нивните семејства; при спроведувањето на извршните дејствија не води сметка за тоа извршувањето да биде поповолно за должникот; во поднесоци и други писмени белешки, како и со своето однесување изразува непочитување на судовите, органите на државната управа и органите на Комората; неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките; во своето работење употребува факсимил; ја избегнува обврската за континуирано стручно оспособување и едукација која се одвива преку семинари и предавања; бара пристап до податоци за лице кое не е должник; наплати поголема награда за извршување или други трошоци определени со тарифата; не води евиденција за наплатената награда и други трошоци согласно со Законот за извршување и

15 Член 54 в.в Член 54-а, Член 54-б, Член 54-в од Закон за извршување, Службен весник на РМ, бр. 59/11

подзаконските акти; неоправдано го одложува извршувањето, врши јавни функции или раководни, надзорни и управни функции во трговски друштва, државни заводи, служби за наплата, нотарски и адвокатски работи и служба во верска заедница или религиозна група; парите што му се доверени на чување ги вложи на свое име спротивно на одредбите од Законот на извршување; не ги евидентира барањата за извршување според времето на нивниот прием во евиденцијата која е должен да ја води во Уписник на книга на барања, Уписник на доверители и Уписник на должници; работи под дејство на алкохол или наркотички средства; не ја чува службената евиденција и списите по предметите во својата канцеларија; оригиналните барања за извршување, документите, записниците, списите и актите како и доставниците кои произлегуваат од вршењето на неговата работа не се наоѓаат во обвивката на списите во предметот; не му издава овластување на заменик-извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка.[16]

ТРАЈНО ОДЗЕМАЊЕ НА ПРАВОТО ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОЛЖНОСТА

На извршителот ќе му се изрече мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител ако: не ги преземе пропишаните мерки за спречување на перење пари или други приноси од казниви дела; не постапува по одлуките на судовите, на државните органи и органите на Комората кои се однесуваат на отстранување на неправилности при извршувањето; е именуван, свесно прикривајќи го постоењето на законските пречки; при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени или се спротивни на овој Закон; во времето за кое привремено му е одземено правото за вршење на должноста или привремена забрана за вршење на должноста врши работи на извршување или на друг начин ја избегнува обврската; за себе или за свои роднини во права линија или до четврти степен во странична линија купува предмети на јавна продажба или стекнува други права во текот на извршувањето кое го спроведува; оддава класифицирана информација со степен на тајност определена согласно со закон; врши

16 Член 54-г, од Законот за извршување, Службен весник на РМ, бр. 59/11

трговска должност и посреднички работи, склучува договори во свое име за други лица или во туѓо име за себе или учествува во правна работа во која презема службени дејствија како извршител, спротивно на Законот за извршување; прима подароци или друг вид корист во врска со спроведување на извршувањето или го поставува личниот финансиски интерес во судир со положбата и статусот извршител; незаконски располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето и не постапува според редоследот на применете барања за извршување.

Од страна на Комората на извршители ставена е забелешка во смисла дека со погоре наведените одредби предвидена е само една казна, со што се ограничува можноста некое од предвидените дела да биде сторено под отежнувачки или олеснувачки околности и практично невозможно е да се индивидуализира казната, што секако е принцип на казненото право.[17]

УЛОГАТА НА ЗАМЕНИК ИЗВРШИТЕЛОТ

Со самото именување за извршител, тој се стекнува со низа обврски и права кои треба да ги почитува во работењето. Тој својата работа ја усогласува со Законот за извршување и со ред други закони и подзаконски акти. Извршувањето е доста сложена професија која за извршителот нуди голем број обврски. Согласно со одредбите на Законот за извршување, секој извршител има обврска да достави предлог за именување на заменик извршител. Тоа треба да го направи во рок од 30 дена од денот на започнување со работа. Заменик извршителот ја врши работата на извршителот во случаи кога тој е спречен да спроведува извршни дејствија заради болест, отсуство или привремена забрана за вршење на должноста. По предог на извршителот, министерот за правда го именува заменикот на извршителот за определено или неопределено време.

За да биде именувано лице за заменик извршител постојат услови кои треба да ги исполнува и кои се пропишани со Законот за извршување. Заменик извршителот треба да даде свечена писмена изјава иста како онаа што ја дава и извршителот. Заменик

17 Член 54-д од Законот за извршување, Службен весник на РМ, бр. 59/11

извршителот ги има истите права, обврски и одговорности кои ги има и извршителот. Заменик извршителот има право на пристап до списите, тој ги презема и продолжува со работа по списите на извршителот. При спроведувањето на извршните дејствија заменик извршителот, согласно со законот, се легитимира во кое својство настапува, при што го наведува своето име и презиме, но исто така го наведува името, презимето и местото на работа на извршителот кого го заменува. Извршителот, покрај тоа што го посочува избраниот заменик извршител, должен е да му издаде и овластување да располага со редовната и посебната сметка, со цел да се овозможи редовно функционирање на работата во канцеларијата.

ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТА НА ИЗВРШИТЕЛОТ

Како и кај секоја професија така и кај извршувањето постои почеток и крај. Извршителот со неговото именување го означува почнувањето со работа во таа професија, но по изминување на одреден период од животот и исполнување на обврските доаѓа и до престанок на должноста. Постојат различни причини кои можат да предизвикаат престанок на оваа должност.

Престанок на должноста извршител може да настане со: смрт, исполнување на услови за старосна пензија, писмена оставка, ако биде осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци или ако му биде изречена казна забрана за вршење на должноста извршител, ако без оправдана причина не започне со работа во рок од три месеци од објавувањето на неговото именување во Службен весник и со разрешување.

Покрај овие услови, може да се случи и извршителот да побара да биде ослободен од овластувањата како извршител со посебно писмено барање кое се поднесува до Министерот за правда. Постои рок за ослободување од овластувањето кој изнесува три месеци. Со истекот на рокот од три месеци престануваат овластувањата на извршителот, освен ако заради некои причини министерот за правда не определи друг рок.

Министерот за правда има право веднаш да започне постапка за именување на извршител кој ќе продолжи со работа во канцеларијата на извршителот чија должност престанала. Доклку на огласот не се јави ниту еден кандидат, министерот за правда во рок од 15 дена

донесува решение со кое ќе определи извршител од редот на именуваните извршители од истото подрачје.

Назначениот извршител треба веднаш да ги преземе предметите и евиденцијата која ја водел извршителот чија должност престанала и да ја продолжи работата по предметите. Во ваков случај доверителот има право да го повлече барањето за извршување и да го достави кај друг извршител доколку не сака неговиот предмет да го продолжи новоименуваниот извршител. Дејствијата што ги преземал претходниот извршител имаат правна важност и извршителот на кој ќе му биде доверен предметот ќе ја продолжи постапката од стадиумот каде што се наоѓа. Именуваниот односно определениот извршител има овластување да располага со посебната сметка на извршителот чија должност престанала, а овластувањето со решение му го издава претседателот на Комората.

ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЗОР НА РАБОТАТА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ

Извршувањето е гранка на правото која денес достигна високо ниво и со која луѓето почнуваат поблиску да се запознаваат и ја откриваат неговата суштина. За една таква гранка да опстојува постребно е организација на органите кои ја спроведуваат. Извршувањето го спроведуваат лица наречени извршители кои ги именува министерот за правда. Покрај извршителите, кои претставуваат главни субјекти во извршувањето, постојат и други органи кои помагаат целиот процес да се одвива непречено.

Со примената на Законот за извршување, именуваните извршители формираат своја Комора на извршители. Таа е орган во кој задолжително членуваат сите именувани извршители. Комората на извршители има својство на правно лице и нејзиното седиште е во Скопје. Согласно со статутот на Комората, највисок орган е Собранието, а други органи се: Управниот одбор и претседателот на Комората.

Собранието на Комората го сочинуваат сите извршители и заменици извршители и тоа ги штити угледот и честа на вршењето на должноста и се грижи извршителите да ги вршат своите овластувања совесно и во согласност со закон, односно да не прават

прекршоци. Организацијата, надлежноста, составот, начинот на избор, правата и должностите на органите на Комората се уредуваат со Законот за извршување, Статутот и другите акти на Комората.

Собранието на Комората извршува повеќе работи како што се: донесува Статут и други акти на Комората, избира ченови на Управниот одбор, претседател на Комората и членови на другите органи на Комората, ако со Законот за извршување или со Статутот на Комората поинаку не е определено, дава мислење по тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работа на извршителите и го утврдува предлогот на програмата за континуирана едукација на извршителите, ги разгледува предлозите, барањата и препораките за успешно работење на извршителите, ги усвојува годишната сметка за изминатата година и предлогот на пресметката за наредната година, го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности подготвен од претседателот на Комората, одлучува за висината на членаринатa и начинот на нејзиното плаќање, одлучува за употребата на паричните казни, како и за сите други прашања предвидени со Законот за извршување и статутот на Комората.

Собранието на Комората се состанува редовно еднаш годишно и тоа во првата недела на месец февруари, на седница на која е потребно присуство од најмалку половина од вкупниот број извршители, а одлуките ги донесува со мнозинство од присутните. На редовната годишна седница Собранието на Комората одлучува за годишната сметка и за предлогот на пресметка за наредната година и го разгледува и усвојува извештајот за севкупните активности на извршителите. Постои и вонредна седница на Собранието на Комората која може да ја свика претседателот на Комората, а врз основа на одлука на Управниот одбор или по писмено барање од најмалку 30 члена на Комората.

Доколку претседателот не ја свика седницата во рок од еден месец од денот на донесување на одлуката на Управниот одбор, односно поднесувањето на побарувањето од членовите на Комората, седницата ќе ја свика членот на Управниот одбор одреден од овој орган, односно членовите на Комората кои го поднесле барањето.

Треба да се напомене дека членовите на Управниот одбор, претседателот на Комората и на другите органи се избираат со мандат од две години.[18]

18 Член 66 в.в Член 67 од Законот за извршување, Службен весник на РМ, бр. 59/11

Управниот одбор на Комората го утврдува нацрт-статутот и другите акти на Комората, подготвува и доставува предлози и мислења до Министерот за правда што се однесуваат на основната поставеност на извршителите како и на сите други прашања што се однесуваат на должноста извршител. Исто така, презема и спроведува иницијативи за разгледување на прашања од интерес на ивршителите, како што се прашањата за нивната социјална заштита, основање на солидарен фонд за економска помош на извршителите како и фонд на помош на лица кои трајно се оспособуваат за самостојно вршење на дејноста и прашања за организирање на трајно осигурување на извршителите.

Управниот одбор врши надзор над работењето на извршителите и дава иницијатива за вршење на вонредна инспекција за поведување на дисциплинска постака, ја изготвува и предлага Програмата за постојана едукација на извршителите, врши надзор над стручното оспособување на извршителите и издава соодветни уверенија за спроведеното стручно оспособување врз основа на потврда издадена од извршителот кај кого се врши оспособувањето.

Управниот одбор се грижи за статусот на извршителите и за односите кон другите органи и воопшто кон трети лица како и го организира постојаното стручно оспособување на извршителите преку организирање семинари и предавања согласно со програмата утврдена од страна на Министерот за правда. Учеството на семинарите и предавањата е задолжително за извршителите, замениците на извршителите и помошниците на извршителите, а нивното неоправдано отсуство претставува дисциплинска повреда.

Управниот одбор води именик на извршителите, нивните заменици и помошници како и на приправниците кои работат кај извршителите, ги подготвува седниците на Собранието и ги извршува одлуките на Собранието.

Управниот одбор составува предлог на годишна пресметка и предлог-пресметка за наредната година и се грижи за наплата на членаринатa, но одлучува и за други прашања кои со закон и со Статутот на Комората се ставени во негова надлежност, како и за сите останати прашања кои не се ставени во надлежност на некој друг орган на Комората.

Бројот на членови на Управнот одбор го одредува Собранието во согласност со Статутот и тој мора да биде непарен (истиот во моментов изнесува седум членови).

Управниот одбор го свикува претседателот на Комората или се свикува по барање на една третина од вкупниот број членови на Управниот одбор, а за полноважност на одлуките што ги носи Управниот одбор потребно е на седницата да присуствуваат повеќе од половина од неговите членови. Одлуките по правило се донесуваат со мнозинство гласови на присутните членови на Управниот одбор.

Со одредбите од Статутот на Комората посебно се утврдува во кои случаи за полноважност на одлуката е потребно мнозинство од вкупниот број членови на Управниот одбор. Претседател на Управниот одбор е претседателот на Комората.

Од редот на членовите на Управниот одбор се избира потпретседател. Претседателот се избира со мандат од две години со право за негов повторен избор. Претседателот ја претставува и застапува Комората, а во случај на негова спреченост, тоа го врши потпретседателот. Кога и потпретседателот е спречен, тогаш тоа го врши најстариот член во Управниот одбор.

Надлежностите на претседателот се во поглед на решавање на конфликтите меѓу извршителите или извршителите и нивните странки, изготвување и доставување мислење во случај на спор меѓу извршителите и нивните странки кој се однесува на плаќање за извршена работа во рок од 15 дена по барање на странките и овластените предлагачи за поведување дисциплинкса постака.

Претседателот на Комората се грижи Комората да работи и дејствува во согласност со закон и врши други работи предвидени со Статутот, а исто така Управниот одбор може да го овласти претседателот во итни случаи самиот да врши одредени работи што се од негова надлежност, но должен е за секое такво преземено дејствие да го извести Управниот одбор и да побара одобрение за преземеното дејствие. Недавањето на дополнително одобрение не влијае на важноста на правната работа спрема трети лица. Претседателот и членовите на Управниот одбор ја вршат својата функција бесплатно, освен ако со статутот е регулирано поинаку. Тие имаат право на надоместок на трошоците што ги имале во врска со вршењето на функцијат,а за што одлука донесува Управниот одбор кој има донесено и посебен Правилник за висината и надоместокот на патните трошоци.[19]

19 Член 68 в.в Член 69 од Законот за извршување, Службен весник на РМ, бр. 59/11

Против сите одлуки на органите на Комората со кои се одлучува за правата и должностите на извршителот може да се поведе управен спор само доколку се работи за конечен акт. Комората е должна во февруари месец секоја година до министерот за правда да достави писмен извештај за своето работење со изложени мислења, предлози и ставови за состојбата на извршителите. Таа исто така може да предложи мерки кои би требало да се преземат заради унапредување на тие состојби.

Комората е должна до Министерот за правда секоја година да доставува писмен извештај за работењето на секој извршител поединечно за претходната година, во кој го наведува вкупниот број на примени барања за извршување, бројот на реализирани извршни исправи, износот на наплатените средства за цена на администрирање на предметите, преземени извршни дејствија и награда за реализирани извршни исправи. Сето тоа укажува дека таа е орган составен од сите именувани извршители, кој работи за нив и организира семинари и друг вид едукација со цел извршителите да го усовршат своето знаење. Според тоа, надзорот делува превентивно спрема извршителите при спроведување на извршувањето да постапуваат во согласност со законот, подзаконските акти и други правила.

III ДЕЛ

ИЗВРШНА ИСПРАВА И ИЗВРШНИ ДЕЈСТВИЈА КОИ ГИ ПРЕЗЕМААТ ИЗВРШИТЕЛИТЕ ВО ТЕКОТ НА ПОСТАПКАТА

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ИЗВРШНАТА ИСПРАВА

За да може определено лице да поднесе писмено барање за извршување кај овластен извршител, барањето треба да биде поткрепено со извршна исправа.

Извршната исправа претставува писмена исправа врз основа на која може да се бара и спроведување на присилно извршување. Во извршната исправа треба да бидат точно назначени доверителот и должникот како и предметот, видот и обемот на предметот.

Присилно извршување заради остварување на некое доверителово побарување може да се спроведе само врз основа на извршна исправа или извршен наслов, па затоа се вели дека нема присилно извршување без извршна исправа. Овој постулат го објаснува карактерот и целта на постапката на извршување. Во постапката на извршување со преземање на определени мерки на принуда се зафаќа во имотот на должникот, па врз основа на тоа постоењето на доверителовото побарување мора да биде поткрепено со определена квалификувана исправа - извршна исправа. Извршната исправа е јавна исправа која, по правило, е резултат на една претходна когниciска постапка (парнична, кривична, управна, арбитражна, или др.) со која авторитетно и несомнено е утврдено постоењето на доверителовото побарување.[20]

20 Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

При определување на поимот извршна исправа, Законот за Извршување го користи методот на таксативност. Својство на извршна исправа имаат само оние исправи кои како такви се определени со закон.

Извршни исправи според Законот за извршување се :

-Извршна судска одлука и судско порамнување,
-Извршна одлука и порамнување во управна постапка, ако гласат на исполнување на парична обврска.
-Извршна нотарска исправа,
-Заклучокот на извршителот за утврдување на трошоците на извршување,
-Решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа донесено од нотар,
-Друга исправа која како извршна исправа е предвидена со закон.[21]

Поднесувањето на извршната исправа и барањето за извршување кај овластен извршител значи овластување на тој извршител да постапува по даденото барање. Извршителот е должен да го завери барањето со приемен печат и да презема дејствија со цел да го реализира побарувањето на доверителот.

ИЗВРШНА СУДСКА ОДЛУКА И СУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ

Судската одлука и судското порамнување треба да имаат кондемнаторна природа, односно со нив да биде утврдена обврска за исполнување на некакво чинење, трпење или несторување.

Присилно извршување може да се бара врз основа на: кондемнаторни пресуди донесени во парнична постапка, кондемнаторни решенија донесени во парнична или во вонпарнична постапка, одлуки донесени во кривична постапка за имотноправни барања и

21 Чл.12 од од Законот за извршување, Службен весник на РМ, бр. 59/11

арбитражни одлуки, но покрај овие одлуки извршен наслов можат да бидат и одлуки на странски судови и арбитражи ако истите претходно бидат признаени како домашни. Тие се признаваат во посебна постапка пред суд во Република Северна Македонија. Извршување може да се спроведе и на одлука на странски суд во Република Северна Македонија само доколку одлуката ги исполнува претпоставките за признавање пропишани со закон или меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот на Република Македонија.[22]

ИЗВРШНА ОДЛУКА И ПОРАМНУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА

Еден вид на извршна одлука во управна постапка се смета решение и заклучок на орган на државната управа, како и на правно лице, донесени во вршењето на нивните јавни овластувања, а како порамнување во управна постапка се смета порамнување склучено во смисла на Законот за општата управна постапка и истите во управната постапка треба да гласаат на исполнување на парична обврска.[23]

ИЗВРШНА НОТАРСКА ИСПРАВА

Нотарската исправа станува ивршна според посебен пропис кој ја уредува извршноста на таквата исправа. Решението со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа донесено од нотар станува извршна исправа со ставање на потврда за правосилност и извршност од нотарот, но доколку нотарската исправа станала извршна во еден дел, извршувањето ќе се спроведе само во тој дел.

Доколку нотарот оцени дека предлогот за донесување на решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа е допуштен и основан, ќе

22 Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

23Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

донесе решение со кое се дозволува извршување, но доколку оцени дека предлогот за донесување на ваквото решение не е допуштен или основан, ќе го препрати предметот до надлежниот суд за натамошно постапување и одлучување како да е поднесена тужба.

Во случај кога нотарот оцени дека предлогот за донесување на решение со кое се дозволува извршување не е уреден, ќе го врати на доверителот да го уреди според насоките кои му ги дал и му наложува тоа да го стори во рок од осум дена од денот на приемот на известувањето. Доколку доверителот не го достави во тој рок, тогаш предлогот ќе се смета за повлечен.[24]

За да може извршната исправа да биде предмет на извршување кај овластен извршител, треба да има потврда за извршност која ја дава судот со ставање на посебен штембил, односно органот кој одлучувал за побарувањето во прв степен. Судот, односно органот кој одлучува за побарувањето може да ја укине неосновано издадената потврда за извршност по предлог или по службена должност.

За извршни исправи не се сметаат одлуките донесени во кривична и прекршочна постапка, во делот во кои се изрекуваат казни и мерки за безбедност, односно мерки спрема малолетници, но за извршни исправи можат да се сметаат делумната пресуда, делот од платниот налог што не е нападнат со приговор, заклучокот на извршителот, одлуките на стечајниот судија, доколку не се спроведени во самата стечајна постапка, во кои се одлучува за трошоците за стечајната постапка како и одлуките за обврските на стечајната маса.

Покрај наведените извршни исправи, и судските одлуки кои имаат врска со исполнување на обврската односно плаќањето на паушални трошоци можат да бидат извршни исправи.

Исто така, извршни исправи се и решение на судот заложниот предмет да биде одземен од залогодавачот и да му биде предаден на заложниот доверител и решенијата со кои се дозволуваат времени мерки донесени од страна на судовите во парнична и друга постапка, доколку истите се снабдени со потврда на извршност.

24 Чл.16 в.в. Чл.16-г од Законот за извршување, Службен весник на РМ, бр.59/11

Извршна исправа може да биде и нотарскиот акт согласно со Законот за нотаријат, односно солемнизирана нотарска исправа ако содржи изјава на обврзникот да се спроведе присилно извршување доколку не се реализира побарувањето.

Покрај горенаведените извршни исправи и судската одлука е извршна ако станала правосилна и ако истекол рокот за доброволно исполнување на должниковата обврска.
Ако со закон е пропишано дека жалбата не го задржува извршувањето на одлуката, извршувањето ќе може да се спроведе и врз основа на судска одлука која не станала правосилна и одлука донесена во управна постапка која не станала конечна.

Исто така и судското порамнување, односно порамнувањето склучено во управна постапка е извршно, но во случај кога побарувањето пристигнало по порамнувањето кое се докажува со записник за порамнување. Кај порамнување кое станало извршно во еден дел – извршувањето ќе се спроведе само во тој дел кој е поткрепен со извршна исправа.

ПОСТАПКА И ОСНОВ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЈА СО КОИ СЕ ДОЗВОЛУВА ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ ОСНОВА НА ВЕРОДОСТОЈНА ИСПРАВА

Законитото и правилно извршување е гаранција за секоја држава дека чекори правилно на патот да стане современа демократска правна држава. Извршителите ги почитуваат законите и процедурите за работа со голема сериозност. Врз основа на тоа, доколку извршителот утврди дека не се исполнети законските услови за спроведување на извршувањето, може да донесе заклучок за одбивање на барањето за спроведување на извршувањето од причини дека не смее да постапува спротивно на законот ако се исполнети услови за негово изземање и ако има сознание дека за истата извршна исправа се спроведува извршување кај друг извршител.

Извршителот треба да внимава при спроведување на извршувањето заради остварување на парично побарување да го спроведе во обем што е потребен за намирување на тоа побарување. Под обем на извршување се подразбира висината на

паричниот износ што се наплаќа и износот што должникот треба да го плати за да се ослободи од својата обврска. Доколку со извршувањето е земен поголем износ од оној што е утрден од страна на извршителот, вишокот средства му се враќаат на сметката на должникот. Извршителот секогаш треба да внимава извршувањето заради остварување на парично побарување да го спроведе согласно со законот. Не смее да го спроведе врз предмети или врз права кои се нужни и неопходни за задоволување на основните животни потреби на должникот и на лицата кои тој според законот е должен да ги издржува.

Извршителот треба секогаш да води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршување и нивните семејства и кон нив да се однесува со почит. Комората на извршители, согласно со одредбите на Законот за извршување, има донесено и посебен правилник за извршителска тајна и слободен пристап до информациите од јавен карактер во извршувањето. Самиот збор кажува дека за извршителска тајна се смета сето она што извршителот го има како сознание за странката при спроведување на извршувањето, а претставува податок од личен карактер и со истиот извршителот е должен да постапува согласно прописите на Законот за заштита на лични податоци.

При спроведување на извршувањето, извршителот е должен да постапува веднаш по приемот на барањата и предметите да ги зема во работа по редот како што ги примил, освен ако природата на побарувањето бара да се постапи поинаку.

Доколку во постапката има повеќе доверители што ги остваруваат своите парични побарувања спрема ист должник и на ист предмет на извршување, се намируваат по оној ред по кој се стекнале со право да се намират од тој предмет, освен ако со Законот за извршување не е поинаку определено.

IV ДЕЛ

ИЗВРШНИ ПОСТАПКИ

ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Еден од извршителите јасно го изнесе својот став за проблемите со кои тие се сретнуваат во текот на работењето и ја објасни постапката при спроведување на извршувањето..

Извршителите во изминатите години станаа кошмар за повеќе македонски граѓани. Иако станува збор за дејност што придонесе драстично да се подобри степенот на завршување на судските постапки и наплатата врз основа на судските решенија, сепак, блокирањето на сметките, висината на сумата што ја наплаќаат извршителите и можните пропусти во информирањето на граѓаните дека против нив се водат постапки се само некои од причините поради кои тие претставуваат комшар за граѓаните.

Пред сè, треба да се истакне дека извршувањето е завршен дел од судската постапка и не може да се извршува без судска или нотарска одлука. Извршителот не е должен да ги извести граѓаните, зашто таа обврска е на друг орган, на судот или на нотарот, но откако ќе се отвори извршната постапка, извршителот го известува должникот пред да почне со постапката, а некогаш и откако е започната.

Честопати се поставува прашањето дали е можно граѓанинот да не е запознаен дека против него има постапка дури и откако ќе помине целиот процес, но досегашното искуство кажува дека не само што е можно туку е и често. Околу 20 % од граѓаните тврдат дека не добиле никакво известување. Одлуката за информирање на граѓаните се доставува од нотар, кој во согласност со законот по пошта му испраќа писмо на должникот, а доколку поштарот не го најде дома бараното лице, му остава известување во рок од пет дена да ја подигне пратката. По изминувањето на тие пет дена се смета дека известувањето е успешно направено. Дали ваквата постапка е во ред или не, извршителот

не би сакал да коментира, но јасно се забележува и често се случува луѓето да не знаат оти има постапка против нив.

Можеби би било подобро, доколку туженото лице не го затекнете дома, поканата да му се остави на некој од семејството, бидејќи нотарот смета дека поканата е доставена, иако објективно не ја испраќа на извршување. Траба да се напомене дека извршителот не знае како течела постапката претходно и дали должникот сака или не сака да си го намири долгот. Факт е дека кај извршителите доаѓаат многумина што не ни знаат дека процедурата почнала, а не пак дека е завршена.[25]

Поради самата поставеност на системот на извршување кој налага итност и редослед на постапувањето, правата на доверителите во извршувањето се остваруваат во разумен рок. Извршувањето по правило се спроведува секој ден од 06:00 часот до 21:00 часот, но со дозвола на претседателот на Основниот суд на чие подрајче се спроведува извршувањето тоа може да се спроведе и во друг термин, доколку претходно се достави барање од страна на извршителот до претседателот на Основниот суд.

Според теоретичарите, во Република Северна Македонија извршната постапка претставува со закон регулирано постапување на надлежниот орган, на странките и на другите учесници во постапката, насочено кон определена цел. Извршната постапка е посебна граѓанска постапка чија цел е конечно остварување на некое побарување односно реализација на тоа побарување за кое е одлучено во когниciска постапка, односно парнична, кривична или управна постапка или обезбедување на идното остварување на некое побарување.[26]

25 http://vecer.mk/?ItemID=42E77A3265AA6C4A85BD5CF6B24EDD88, Гордан Станковиќ, Претседател на Комората на извршители

26 Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 г

СТАДИУМИ НА ПОСТАПКАТА

Почетокот на извршувањето го означува преземањето на извршни дејствија од страна на извршителот. Извршителот најпрво го повикува должникот доброволно да го плати долгот, но доколку должникот не постапи во определениот рок, извршителот презема други извршни дејствија.

Согласно со Законот за извршување, постојат повеќе видови дејствија кои извршителот има право да ги преземе. При преземањето на извршни дејствија, извршителот треба да постапува со должна почит спрема личноста на должникот и членовите на неговото домаќинство. Кога извршителот ќе одлучи, или по барање на доверителот ќе преземе извршно дејствие – попис на подвижни ствари, потребно е да достави писмено барање до претседателот на основниот суд за дозвола за попис.

Од сето погоре наведено доаѓа до израз начелото на заштита на достоинството на личноста при спроведување на извршувањето. Ова начело укажува дека при преземањето на извршните дејствија извршителот треба да се однесува со почит и да ги почитува законите, во спротивно против него ќе биде поведена дисциплинска или прекршочна мерка. При преземање на извршно дејствие во станот на должникот потребно е, покрај должникот, да бидат присутни неговиот законски застапник или полнолетен член на семејството, а исто така и полиција и двајца полнолетни сведоци.

При извршувањето, извршителот составува записник во кој утврдува кои лица се присутни и во кое својство, а исто така ги наведува сите битни елементи кои ги забележал во текот на пописот. Кога извршното дејствие треба да се спроведе во просторија што е заклучена, а доколку должникот не е присутен или не сака да ја отвори просторијата, извршителот има право да ја отвори просторијата во присуство на двајца сведоци, но без нивно присуство или присуство на полиција извршителот не смее да отвори заклучена просторија. Ако при преземање на дејствијата извршителот не може да обезбеди присуство на двајца полнолетни сведоци, може да повика нотар и истиот треба да состави записник во кој го наведува местото времето, имињата и адресите на странките и на другите учесници, како и точен опис на она што се случувало во негово присуство.

Извршителот има овластување да ги отстрани лицата кои го попречуваат спроведувањето на извршувањето или да побара помош од полиција. Согласно со одредбите на Кривичниот законик, пропишана е и кривична одговорност за лицата што го спречуваат спроведувањето на извршувањето.

Извршителот има право да бара помош од полицијата во текот на спроведувањето на извршувањето, а тоа треба да го стори не помалку од пет дена пред спроведувањето.

За да добие полициска асистенција, извршителот поднесува посебен образец – Барање за асистенција од полиција при спроведување на извршувањето.

Согласно со Уставот на Република Северна Македонија, секој граѓанин има право на заштита на своите права, па од тие причини секоја странка може да поднесе приговор доколку смета дека се сторени неправилности при извршувањето. Приговорот го поднесува до претседателот на основниот суд на чија територија се спроведува извршувањето. Приговорот треба да биде образложен, аргументиран и поткрепен со соодветни докази. Доколку претседателот на судот не може да одлучи по приговорот, може да бара да се одржи и рочиште со цел да се сослушаат странките и извршителот. Претседателот на судот донесува решение по приговорот во утврдениот рок, со кое може приговорот да го одбие или да го усвои. Ако приговорот се усвои, во Решението се утврдуваат направените неправилности од страна на извршителот и преземените извршни дејствија се стават вон сила. Неправилностите што можат да бидат сторени при извршувањето може да се однесуваат или на постапувањето на извршителот или пак на неподобност на извршната исправа. Доколку неправилностите ги сторил извршителот, тие може да се однесуваат на обемот на извршувањето, итноста и редоследот на постапувањето, обемот на пописот на предметите и имотот, времето на извршувањето согласно со законот, висината на долгот и многу други дејствија кои произлегуваат од работењето.

ВИДОВИ ИЗВРШНИ ДЕЈСТВИЈА

Принудната наплата е едно од најзастапените дејствија кои ги преземаат извршителите, а тоа може да се согледа од фактот што извршувањето како дејност претставува принудно наплаќање на долгот којшто го има должникот во однос на доверителот. Извршителот го бира извршното дејствие кое ќе го преземе, но во поголем број случаи доверителот како господар на постапката му наложува на извршителот кое дејствие да го преземе. Извршителот го бира она дејствие за кое смета дека е најподобно и дека ќе донесе реализација на извршувањето.

Согласно со Законот за извршување, извршителот ги презема следниве дејствија:

- извршување заради наплата на парично побарување,
- извршување заради наплата на парично побарување спрема правни лица,
- извршување врз побарување по сметка кај банка,
- извршување заради наплата на парично побарување, извршување врз подвижни предмети,
- извршување врз побарување да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност,
- извршување врз недвижност,
- врши и други дејствија предвидени со закон.[27]

27 Чл.40 од Законот за извршување, Службен весник на РМ, бр.59/11

ИЗВРШУВАЊЕ ПОРАДИ НАПЛАТА НА ПАРИЧНО ПОБАРУВАЊЕ

Како што напоменавме, извршителот најпрво го повикува должникот доброволно да го плати долгот во определен рок. Извршување врз парично побарување на должник е најзастапениот вид на извршување со оглед на едноставноста на спроведувањето, минималните трошоци за должникот и можноста за брзо намирување на доверителот.

Во Законот за извршување разработено е и начелото на заштита на должникот. Тоа доаѓа до израз во случај кога се работи за одредени примања на должникот кои се изземени од извршување. Такви примања се: примања врз основа на законска издршка, надоместок на штета поради нарушување на здравјето или намалување на здравјето односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката, примања врз основа на надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидско осигурување, примања врз основа на социјална помош, примање врз основа на привремена невработеност, примање врз основа на додаток на деца, примање врз основа на стипендија, кредит и помош на ученици студенти, примања на војници и питомци на воени училишта, надоместок за работа на осудени во казнено – поправен дом, освен за побарување врз основа на законско издржување како и за побарување на надоместок на штета предизвикана со кривично дело на осудениот, примања по основ на патни трошоци и дневници како и средствата на посебната сметка која ја поседува извршителот.

Согласно со Законот за пензиско и инвалидско осигурување, најнискиот износ на пензија не може да биде предмет на извршување, освен со дадена согласност на корисникот на пензија и тоа најмногу до 1/3 од нејзиниот месечен износ.

Извршувањето врз парично побарување се спроведува со забрана и со пренос во износ кој е потребен за намирување на доверителовото побарување, освен во случаи ако постои неделиво побарување. Побарување што се заснова на хартија од вредност или кое од други причини не може да се дели во поглед на преносот или остварувањето, може да се пренесе само во неговиот полн износ.

Ако повеќе доверители бараат извршување врз исто побарување кое е деливо, во тој случај забрана и пренос се спроведува во соодветни износи посебно во корист на секој доверител посебно.

Извршителот изготвува посебен образец за забрана на побарување од должников должник, со кој му се забранува на должниковиот должник да му го намири тоа побарување на должникот, а на должникот му се забранува тоа побарување да го наплати или поинаку да располага со него и со залогот што е даден за негово обезбедување.

Забраната утврдена со налогот е спроведена со денот кога налогот е доставен до должниковиот должник. Со воспоставената забрана доверителот стекнува заложно право врз должниковото побарување. Доколку должникот, иако знае дека не смее, сепак располага со забранетото побарување, тоа располагање нема правно дејство спрема доверителот што барал извршување.

Согласно со одредбите од Законот за меница, Законот за чек и Законот за хартии од вредност, постои објаснување за тоа што е хартија од вредност. Забрана на побарување засновано врз хартија од вредност која се пренесува со индосамент, се спроведува на тој начин што извршителот таквата хартија ќе ја одземе од должникот. Правните дејствија кои се потребни за вршење на правата од хартиите од вредност ги врши извршителот во име на должникот.

Забрана на побарување на парични средства на физичко лице како должник претставува извршување врз паричните средства на должникот што тој ги има во банка или во штедилница.

Со Законот за извршување се воведе ваквиот вид на извршување со цел побрза реализација на побарувањата на доверителот. Во текот на работењето извршителот има право да соработува со сите државни институции и други институции во интерес на постапката. Извршителот има право да побара податоци од банката или од штедилницата каде што се наоѓаат средствата на должникот, а тие се должни без одлагање да му ги дадат на извршителот бараните податоци и не смеат да го известат должникот дека тие податоци се барани. По добиените податоци, извршителот издава налог кој го доставува до одредена банка, а доколку должникот поседува сметки во повеќе банки автоматски му се блокираат сите сметки.

Забраната е спроведена со денот на доставување на налогот за забрана до банката или штедилницата кај која се водат паричните средства.

Во Законот за извршување е утврдена и одредба на заложно право стекнато врз побарување по кое тече камата и истото се однесува и на каматите кои пристигнуваат по забраната.

Редот на првенство на заложни права на повеќе доверители се определува според денот и времето на приемот на барањето за извршување кај извршителот, но доколку барањата за извршување на повеке доверители се примени кај извршителот во ист ден и време, нивните заложни права имаат ист ред на првенство.

Извршителот, во рок што тој ќе го определи, ќе побара од должниковиот должник да се изјасни за тоа дали ќе го намири побарувањето и во кој износ го признава забранетото побарување. Од тоа изјаснување не зависи дали извршителот ќе даде налог за забрана и пренос.

Доколку должниковиот должник не се изјаснил или се изјаснил невистинито или нецелосно, одговара пред доверителот за штетата што му ја нанесол. Тој одговоара пред доверителот за надомест на штета ако со тоа го довел до заблуда доверителот во однос на постоење или непостоење на долгот спрема должникот.

Штетата во ваков случај се одразува преку зголемување на трошоците на извршување, непотребно настанување на трошоци на парничната или друга постапка и пропуштање деловна или потполна должност за намирување на доверителот од друг имот на должникот. Во актот со кој се бара изјаснување од должниковиот должник, извршителот врши предупредувањето на должниковиот должник за неговата одговорност.

Забраната на побарување обезбедено со заложно право запишано во јавна книга во која се запишуваат правата на недвижностите се спроведува со запишување на забраната во тие книги врз основа на налог на извршителот до органот што ја води јавната книга, со назначување дека забраната е определена заради намирување на доверителовото побарување. Ако во постапката има повеќе доверители, редот на првенство на нивните побарувања се определува според времето на запишувањето, односно според денот и часот кога налогот за забрана стигнал во органот што ја води јавната книга.

Со запишувањето на доверителовото побарување во јавна книга односно со запишувањето на хипотеката, доверителот стекнува право по преносот на побарувањето да се наплати пред својот должник како хипотекарен доверител и според неговиот ранк спрема останатите хипотекарни доверители.

Покрај овие, постојат и други начини на извршување кои ги презема извршителот. Сето тоа го прави во согласност со законот, подзаконските акти и правилата и начелата на постапката кои треба да ги почитува.

ИЗВРШУВАЊЕ ЗАРАДИ НАПЛАТА НА ПАРИЧНО ПОБАРУВАЊЕ СПРЕМА ПРАВНИ ЛИЦА

Како што како должници се јавуваат физички лица, така должници можат да бидат и правни лица. За предметите каде на местото на должникот се јавува правно лице, извршувањето се спроведува врз сите расположливи средства на неговите сметки кај носителите на платен промет - банките каде што должникот има сметки.

Тоа е дејствие со кое извршителот го означува почетокот на спроведување на извршувањето. Ако зборуваме како тоа денес се одвива во пракса, можеме да утврдиме дека против многу фирми кои се јавуваат како должници е поведена стечајна постапка или веќе е донесено решение дека се во стечај. Со самото тоа извршителот не може да го реализира побарувањето, а извршните трошоци кои настанале во текот на постапката паѓаат на товар на доверителот. Сето ова укажува на фактот дека денес многу вакви предмети остануваат неплатени и доверителите не можат да го наплатат побарувањето.

По доставувањето на налогот во банката, таа како носител на платен промет врши наплата редоследно според времето на приемот и исто така води евиденција за редоследот на налозите според денот и часот на приемот. Извршителот има право да побара од банката да го извести за текот и редоследот на чекање и за тоа дали има средства на сметката на должникот. Во случај кога нема средства на сметката на должникот, извршителот има право да го смени средството за извршување. Во налогот за извршување извршителот ја означува банката каде што се води сметката на должникот и сметката на доверителот, бројот на сметката, даночниот број, ЕМБГ, износот кој се бара и други

податоци за конкретниот предмет. Извршителот е должен да го достави налогот за извршување до должникот откако за истиот налог има потврда дека носителот на платниот промет - банката го примила. Доколку банката констатирала неточни податоци во налогот, го враќа кај извршителот и тој е должен да го поправи во рок од три дена и да го врати со точни податоци.

ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ ПОБАРУВАЊЕ ПО СМЕТКА КАЈ БАНКА

По добивањето на налогот за извршувањето од извршителот, банката е должна да ја блокира сметката на должникот до висина на износот, а доколку има средства истиот износ да го префрли на сметката на извршителот.

Може да се случи на сметката на должникот да нема средства, во тој случај банката е должна да го извести извршителот. Со издавање на овој налог, извршителот ѝ наложува на банката средствата на должникот да ги префрли на неговата сметка во висина на побарувањето. Со издавање на овој налог, тој има дејство на забрана и пренос заради наплата. Извршителот при преземањето на извршни дејствија мора да постапува согласно со Законот и неговите ограничувања, односно мора да внимава дали должникот е вработено лице, социјален случај или корисник на некој друг надоместок којшто е изземен од извршување.

ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ

Битна одредба од Законот за извршување е ограничувањето на извршителот при спроведување на извршување врз подвижни ствари. Постојат ствари кои се изземени од извршување и кои извршителот не може да ги попише, бидејќи со тоа прави повреда на Законот.

Согласно со Законот за извршување, предмети кои се изземени од извршување се: облека, обувки, долна облека и други предмети за лична употреба, постелнина, садови, мебел, шпорет, ладилник и други предмети што служат за задоволување на основните потреби на домаќинството, храна и огрев за три месеци за потребите на должникот и на членовите на неговото домаќинство, работен и расплоден добиток, земјоделски машини и други орудија за работа, семе, добиточна храна, алат, машини и други предмети што на должникот земјоделец или занаетчија му се неопходни за одржување на земјоделското стопанство, односно за вршење на занаетчиската дејност во онаа мера во која е потребно со тоа да се оствари минимален приход за неговото издржување и за издржување на членовите на неговото домаќинство, книги и други предмети што му се потребни на должникот кој самостојно во вид на занимање со личен труд врши научна, уметничка или друга професионална дејност, готови пари на должникот.

Исто така, постојат ограничувања и во поглед на примањата на должникот од кои извршителот не смее да го наплати побарувањето. Такви примања кои се изземени од извршување се: примања врз основа на законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката, примања врз основа на надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидско осигурување, примања врз основа на социјална помош, примања врз основа на привремена невработеност, примања врз основа на додаток на деца, стипендија, кредит и помош на ученици и студенти, примања на војници и потомци на воени училишта, надоместок за работа на осуден во казнено-поправен дом, освен примања врз основа на патни трошоци и дневници и средствата на посебната сметка која ја поседува извршителот кои се апсолутно изземени од извршувањето.

Извршувањето врз плата и пензија извршителот го спроведува со запирање на 1/3 од платата или пензијата, а остатокот од примањата му служи на должникот за обавување на секојдневните потреби.

Доколку извршувањето се спроведува врз примања на воени и мирновременски воени инвалиди, ортопедски додаток и инвалидски додаток може да се спроведе само за побарувања врз основа на законска издршка, до износот од една половина на тоа примање. Во случај извршителот да преземе дејствија против предмети кои не можат да бидат предмет на извршување, должникот може да поднесе приговор до надлежен суд.

Извршувањето врз подвижните предмети се спроведува со попис, процена, пленидба и продажба на попишаните предметите со цел намирување на доверителот од износот добиен со продажбата.

Извршителот треба да издаде посебен образец – Налог за извршување, со кој му наложува на должникот да го плати износот утврден во извршната исправа заедно со каматата и трошоците во рок од три дена. Налогот ги содржи сите потребни податоци за предметот и во него задолжително му се укажува на должникот дека доколку долгот кон доверителот му е платен, за тоа треба да го извести извршителот.
По утврдениот рок во налогот, доколку должникот не постапи по истиот, ќе се пристапи кон попис, процена и пленидба на подвижните предмети.

За податоците во врска со времето и местото на пописот, извршителот го известува доверителот. Може да се случи доверителот да не сака или е спречен да присуствува на пописот, но тоа не го одлага извршувањето и не го спречува извршителот да го спроведува пописот.

Во текот на пописот, извршителот составува записник. Записникот се доставува до страните во постапката. Извршителот е должен во него да ја забележи секоја ситуација и сите податоци за попишаните предмети. Исто така, во него се утврдува и почетокот и крајот на спроведување на пописот и се забележува кои лица биле присутни и во какво својство.

При пописот, извршителот е должен да стави видна ознака на попишаните предмети, односно на оние предмети што се во владение на должникот, без оглед на тоа што тој истакнува дека некои од нив не се негови. Должниковите предмети што се наоѓаат во трето лице можат да се попишат само со согласност од тоа лице, но доколку третото

лице не се согалсува да се изврши попис, извршителот ќе му укаже на доверителот дека правото може да го оствари преку суд. Извршителот има право да попише онолку предмети колку што е потребно за да се намири побарувањето. Првенствено се попишуваат предмети на кои нема забелешки за постоење на право кои би го спречувале извршувањето и предмети кои најлесно можат да се претворат во пари, за да може поефективно да се реализира побарувањето. Извршителот ќе ги остави попишаните предмети на чување кај должникот, но може по предлог на доверителот да му се предадат на доверителот или на трето лице.

Доколку предметите се остават на чување кај доверителот или трето лице, тие одговараат за секоја настаната последица од уништување или оштетување на предметите, освен во случај уништувањето или оштетувањето да е последица на виша сила. Дококу попишаните предмети се готови пари, хартии од вредност и скапоцености, извршителот веднаш ги предава во судскиот депозит. На должникот му е забрането да располага со попишаните предмети, а во налогот за извршување постои предупредување за кривичноправните последици од постапување спротивно на забраната.

Како што извршителот ги почитува правилата при спроведувањето на извршувањето, така постапувањето спротивно на издадениот налог од извршителот кај должникот сноси кривична одговорност која е пропишана со кривичниот законик.

Со спроведениот пописот на предметите доверителот стекнува заложно право со денот на пописот. Кога пописот кој го спроведува извршителот е во корист на повеќе доверители, редот на првенство на заложното право стекнато со пописот се определува според денот кога е извршен пописот. Ако барањето за извршување од доверителот или од неговиот полномошник е пратено по пошта во препорачана пратка, денот на предавање во пошта се смета како ден на прием кај извршителот.

Доколку извршителот при пописот не најде предмети кои можат да бидат предмет на извршување, за тоа го известува доверителот, доколку тој не присуствувал на пописот. Ако пописот не е успешно спроведен, извршителот составува записник за безуспешен попис и го доставува до доверителот. Но, со ова постапката не завршува бидејќи може да случи извршителот, врз основа на сознанија дека кај должникот се наоѓаат предмети кои можат да бидат предмет на извршуање, одново да пристапи кон попис. Во тој случај, ако

пописот успешно се спроведе и се попишат предмети, нивната процена може да ја изврши извршителот или да обезбеди овластен проценител.

Во записникот од пописот којшто го составува извршителот поединечно се наведени попишаните предмети со нивната проценета вредност и во него се внесуваат сите изјави од странките и од учесниците во постапката, како и изјавите од третите лица. Предметите треба да се опишат со сите нивни карактеристики, материјалите од кои се изработени и ознака на нивната вредност, да се наведе дали се оставени на чување кај должникот, кај доверителот или кај третото лице или пак се предадени во судски депозит. Изготвениот записник го потпишуваат присутните странки, овластените проценители и другите учесници во постапката и се доставува до сите страни во постапката.

По спроведувањето на пописот и по достава на записникот на страните во постапката, се свикува продажба. Продажбата на попишаните предмети започнува со донесување на Заклучок за продажба на подвижни предмети со усно јавно наддавање која ја определува извршителот, со тоа што помеѓу денот на пописот и денот на продажбата мора да изминат најмалку 15 дена, согласно со Законот за извршување.

Доколку попишаните ствари што се јавуваат како предмет на продажба се подложени на брзо расипување или ако постои опасност од значително паѓање на нивната цена, продажбата може да се изврши и пред истекот на рокот од 15 дена.

Продажбата на предметите, како што е утрдено во Заклучокот, се врши со усно јавно наддавање или со непосредна спогодба помеѓу купувачот од една страна и извршителот од друга страна.

За текот и завршувањето на продажбата извршителот составува посебен образец, односно Записник за продажба. Начинот на продажба на предметите го определува извршителот, одбирајќи најповолен начин со цел да постигне поволно претворање на педметите во пари.

Продажбата преку усно јавно наддавање се определува ако се во прашање предмети од поголема вредност, но може да се очекува дека предметите ќе се продадат по цена поголема од проценетата вредност, што во пракса би изгледало вака: кога проценетата вредност на подвижните предмети е поголема од 1000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на

донесување на Заклучокот, потребно е да положи гаранција која изнесува 1/10 од утврдената вредност на недвижноста. Продажбата на предметите се објавува во средствата за јавно информирање седум дена пред одржувањето на јавното наддавање.[28]

Извршителот има обврска да ги извести доверителот и должникот за местото, денот и часот на продажбата со доставување на Заклучокот за продажба. Во текот на продажбата попишаните предмети не можат да се продадат под проценетата вредност на првото наддавање. Ако на првото јавно наддавање не е постигната цена во висина на проценетата вредност, извршителот има право по предлог на странката да определи ново наддавање на кое предметите можат да се продадат под проценетата вредност, но под услов тоа да не биде под 1/3 од таа вредност. Странката во рок од 15 дена од денот на првото наддавање може да поднесе предлог за второ наддавање или за продажба преку непосредна спогодба. Доколку по истекот на определениот рок ниедна од странките не поднесла предлог за второ наддавање, извршителот има право да го запре извршувањето спрема попишаните предмети, при што ќе изготви Заклучок за запирање на извршувањето.

Може да случи предметите да не можат да се продадат ни на второто наддавање. Во таков случај, извршителот, по предлог на доверителот, може да одлучи подвижните предмети да му бидат продадени нему по цената определена за продажба на второто јавно наддавање, со обврска разликата во цената доверителот да ја положи кај извршителот. Доколку на продажбата има купувач, тој е должен цената да ја положи кај извршителот и предметите да ги преземе веднаш по заклучување на наддавањето, односно на продажбата со непосредна спогодба. Во случај кога проценетата вредност на попишаните предмети е поголема од 1000 евра, купувачот е должен цената да ја положи во рок од три дена. Доколку попишаните предмети се специфични, односно кога природата на предметите бара одредени подготовки за предавање во владение, предавањето во тој случај ќе се изврши најдоцна во рок од осум дена од заклучувањето на наддавањето.

Во повеќе случаи, по исплатата на средствата извршителот му ги предава предметите во владение на должникот, но во случај кога доверителот на свој ризик се согласува, извршителот му ги предава предметите на должникот пред да го плати износот утврден на продажбата. По плаќањето на средствата на сметката на извршителот, тој му

28 Чл.97 ст.4 од Закон за извршување, Службен весник на РМ, бр.59/11

издава на доверителот заклучок за намирување, со кој од износот добиен со продажба на предметите ќе се определи што точно се намирило. Доколку има вишок на средства, тие ќе му се предадат на должникот. Истото се случува и кога се намируваат повеќе доверители. Од продажната цена тие се намируваат по оној ред по кој го стекнале заложното право, ако со закон за определени побарувања не е пропишано првенствено право на намирување.

Во врска со ова извршно дејствие треба да се напомене дека како купувачи во постапката не смеат да се јават должникот, извршителот или друго лице кое службено учествува во постапката на продажбата.

ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ ПОБАРУВАЊЕ ДА СЕ ПРЕДАДАТ ИЛИ ИСПОРАЧААТ ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ ИЛИ ДА СЕ ПРЕДАДЕ НЕДВИЖНОСТ

Побарувањето на должникот да му се предаде определен подвижен или недвижен предмет или да му се испорача определено количество подвижни предмети се спроведува со забрана на тоа побарување и побарувањето се пренесува врз доверителот.

Преносот на побарувањето има дејство на пренос на должниково парично побарување заради наплата. Со преносот на побарувањето поради наплата, доверителот се овластува да бара од должниковиот должник да ги предаде предметите кои се назначени во налогот за пренос, но само ако тоа побарување пристигнало, а исто така треба да ги изврши сите дејствија заради зачувување и остварување на пренесеното побарување. Доверителот врз кого е пренесено побарување заради наплата, по продажбата на предметите е намирен во висина на износот што е добиен во текот на постапката. Доколку остане неисплатен долг, доверителот има право да бара да се определи и друго извршување врз должникот. Може да се случи должниковото побарување да не е пристигнато, па во тој случај извршителот ќе побара предметите да бидат предадени по пристигнувањето.

Доверителот може да поднесе тужба против должниковиот должник кој не сака да ги предаде предметите. Извршителот со налогот за пренос на должниковото побарување

може да му наложи на должниковиот должник подвижните предмети на кои се однесува тоа побарување да му се предадат на чување нему или на друго лице.

Продажбата на подвижните предмети и нивното предавање на извршителот или на друго лице како и намирувањето на доверителот се врши според одредбите на Законот за извршување. Со продажбата на подвижните предмети се намирува побарувањето на должникот.

Во поглед на предавањето на недвижност на доверителот, извршителот ќе му наложи на должниковиот должник должноста која се однесува на тоа побарување да му ја предаде на доверителот. Доверителот е должен да управува со недвижноста која му е предадена од името и за сметка на должникот како добар стопанственик и на должникот по негово барање да му положи сметка за начинот на управувањето со истата.

Доколку приходите од недвижноста се толку големи да може од нив да се намири побарувањето на доверителот, тогаш намирувањето ќе се изврши од тие приходи. Споменавме дека една од обврските на доверителот е да биде добар домаќин и да се грижи за недвижноста, но доколку се случи спротивното и должникот со тоа трпи загуби, има право на надомест на штета кое треба да го остварува пред надлежен суд.

Доверителот може во рок од 30 дена од денот на предавање на недвижноста да му предложи на извршителот продажба, за да може да си го подмири својот долг.

ИЗВРШУВАЊЕ ВРЗ НЕДВИЖНОСТИ

Едно од побараните средства од страна на доверителите е токму овој начин на извршување. Доверителите сметаат дека на овој начин полесно ќе може да го наплатат своето побарување. Иако во пракса на многу извршители ова дејствие не им е омилено, сепак мораат да постапуваат согласно со барањата на доверителите и, секако, во согласност со Законот. И самото име кажува дека се работи за дејствие кое не е благодарно, но е законско.

Извршувањето врз недвижности како средство за извршување се спроведува со прибелешка на налогот за извршување врз недвижности во јавна книга и со утврдување на вредноста на недвижноста, а потоа се врши продажба на недвижноста и средствата добиени од продажбата му се префрлаат на доверителот.

По приемот на барањето за извршување, извршителот е должен веднаш да изготви налог за извршување на недвижност. Налогот се доставува до странките и во рок од три дена од неговиот прием должникот може да даде предлог до извршителот за извршување со друго средство или извршувањето да се спроведе врз друга недвижност, а не врз онаа која е определена во налогот за извршување.

Извршителот го прифаќа предлогот само ако должникот е сигурен дека побарувањето ќе се намири со другото средство за извршување. Доколку другото средство за извршување е прифатено, прибелешката на налогот за извршување врз недвижност важи сè додека не се подмири доверителовото побарување.

Налогот за извршување се носи во Агенцијата за катастар на недвижности и на истиот се врши прибелешка. Со оваа прибелешка, првенствено право да го намири своето побарување од таа недвижност стекнува доверителот. Доверителот кој барал извршување со прибелешката на налогот за извршување врз недвижност стекнува право од недвижноста да се намири побарувањето пред лицето кое подоцна ќе стекне заложно право врз таа недвижност или право на намирување. Кога врз налогот за извршување врз недвижност има извршено запишување на прибелешка, таа не може да се користи за друго намирување или друг доверител.

Додека не се донесе заклучок за продажба на недвижноста, не може да се пристапи кон извршување. За преземеното дејствие извршителот треба да му соопшти на доверителот во чија корист порано е извршена прибелешката. Заложниот доверител кој не барал извршување, со ова извршување врз недвижност се намирува. Кога се презема оваа мерка, извршителот посебно внимава на тоа дали врз недвижноста која е предмет на извршување нема заснован залог во корист на друг доверител кој дотогаш не барал извршување. Доверителот којшто има поднесено барање за спроведување на извршување добива известување од извршителот дека пристапил кон извршување. Врз недвижноста врз која е запишан залог тој залог се гаси со денот на донесување на заклучокот за предавање на недвижноста, иако заложните доверители не се наполно намирени. И по донесувањето на заклучокот за предавање на недвижност, купувачот на недвижноста и заложниот доверител можат да се спогодат залогот да остане врз недвижноста, а во тој

случај купувачот да го преземе должниковиот долг спрема тој доверител, при што цената се намалува за износот на преземениот долг.

Со продажба на недвижноста не се гасат стварните службености врз недвижноста. Стварните товари и личните службености кои се запишани во јавна книга со продажба на недвижноста не се гасат пред правата на заложните доверители и правата на намирување на доверителот на чие барање е спроведено извршувањето.

Гасењето на другите лични службености и стварни товари настанува со продажбата на недвижноста ако помеѓу носителот на тие права и купувачот не е договорено нешто друго.

Треба да се напомене дека со продажба на станбена зграда или стан, деловна зграда или деловна просторија врз тие објекти не престанува закупот. Купувачот е тогаш тој што ги презема правата и обврските како закуподавач. По поднесувањето на барањето за извршување, склучениот договор за закуп не произведува правно дејство, и во таков случај закупецот е должен работната просторија, деловната зграда или станот и станбената зграда веднаш да ги испразни, а доколку не постапи така извршителот по предлог на купувачот ќе го изврши испразнувањето.

По барање на лицето коешто е заинтересирано за недвижноста и за нејзино купување, извршителот изготвува заклучок за разгледување на недвижноста. Земјоделско земјиште и стопански згради на земјоделец којшто се неопходни за негова издршка и за издршка на членовите на неговото потесно семејсво, како и за други лица кои тој е должен да ги издржува, не можат да бидат предмет на извршување. Во тој случа,ј извршителот има право да донесе заклучок за одбивање на барањето за спроведување на извршувањето. Проценката врз недвижноста ја врши вешто лице кое е задолжено од страна на извршителот со посебен заклучок.

Вештото лице треба да изврши проценка на недвижноста откако ќе го прими заклучокот од извршителот. Извршената проценка на вредноста на недвижноста врз основа на нејзината пазарна дејност на денот на проценката и врз основа на други факти кои влијаат на нејзината висина вештото лице му ја доставува на извршителот. По барање од вештото лице може да се продолжи рокот од страна на извршителот, доколку постојат

оправдани причини. Посебно се води сметка кога утврдувањето на вредноста на недвижноста вреди помалку, затоа што врз недвижноста важат и остануваат определени права од продажбата. Кога извршителот ќе ја прими проценката од вештото лице тој изготвува заклучок за утврдување на вредноста на недвижноста. Од продажната цена на недвижноста има право да се намири доверителот кој се намирува по редот на првенство и доаѓа пред доверителот што барал извршување. Во тој случај тој може да предложи извршувањето да се запре доколку утврдената вредност на недвижноста не го покрива износот на неговото побарување и за тоа извршителот изготвува посебен заклучок.

По исполнувањето на сите услови, извршителот донесува заклучок за усна јавна продажба на недвижноста каде што се определуваат начинот и условите на продажба,како и времето и местото на продажба, доколку продажбата се врши со наддавање.

Заклучокот за продажба се објавува во дневниот печат, а од неговото објавување до денот на продажбата треба да поминат најмалку 15 дена, но не повеќе од 30 дена. Заклучокот за продажба задолжително се испраќа до заложните доверители, странките, учесниците во постапката, до надлежниот орган на Управата за јавни приходи и до лицата кои имаат запишано или законско право на првенствено купување. Кај недвижноста која е предмет на извршување со продажба право на првенствено купување има лицето кое има законско право на првенствено купување пред најповолниот понудувач, ако веднаш по заклучувањето на наддавањето изјави дека недвижноста ја купува под исти услови.

Доколку недвижноста е продадена со непосредна спогодба, извршителот треба да го повика носителот на законско право на првенствено купување за да се изјасни дали сака да го користи тоа право и сето тоа извршителот ќе го запише во записник.

За продажбата на недвижноста извршителот може да ја одреди просторијата, а странките и заложните доверители со спогодба можат да се договорат за рокот кога ќе се изврши продажбата и дали таа ќе се изврши со усно јавно наддавање или со непосредна спогодба, а сето тоа во присуство на извршителот.

Во условите за продажба поопширно е направен опис на недвижноста со: означување на службеностите, стварните товари што ги презема купувачот, вредноста на недвижноста, рокот во кој купувачот е должен да ја положи цената, цената по која недвижноста може да се продаде, начинот на продажба и износот на гаранцијата. Рокот во

кој цената треба да се положи не треба да биде подолг од 15 дена од денот на продажбата. Овој рок може да биде продолжен за уште три месеци, доколку постои согласност од доверителот. Лицата коишто положиле гаранција можат да учествуваат на јавното наддавање. Купувачот, по продажбата со непосредна спогодба, пред склучувањето на договорот му полага гаранција на лицето со кое склучил договор. Доверителот кој поднесол барање за извршување и по чие барање е спроведено извршувањето и заложниот доверител се ослободени од полагање на гаранција, која се полага во готови пари. Ова важи ако нивните побарувања го достигнат износот на гаранцијата.

Заложниот доверител и доверителот кој учествувал и претходно на јавно наддавање и оној кој понудил највисока цена, а истата не ја уплатил во определен рок, не е ослободен од полагање на гаранција за следните продажби.

Гаранцијата која треба да ја положи за продажбата изнесува 1/10 од утврдената вредност на недвижноста. По заклучувањето на јавното наддавање, на понудувачот на кого што не му е прифатена понудата му се враќа гаранцијата. Ако на јавното наддавање присуствува само еден понудувач тоа може да се одржи, а по предлог на странката или заложниот доверител, извршителот може да определи според околностите на случајот јавното наддавање да се одложи. Должникот, извршителот или друго лице кое службено учествува во постапката не може да се појави како купувач ниту врз основа на јавно наддавање ниту врз основа на непосредна спогодба. Ако на првото јавно наддавање недвижноста не можела да се продаде, извршителот ќе закаже второ јавно наддавање и тогаш недвижноста е со намалена цена од утврдената, но таа не може да биде помалку од 2/3 од таа вредност. За закажување на второто надавање потребно е да поминат 15 дена, но не повеќе од 30 дена од првото јавно наддавање. Со изјава дадена пред извршителот кој го спроведува извршувањето, заложните и другите доверители можат да предложат недвижноста да се продаде со пониска цена од утврдената вредност, но притоа во изјавата треба да ја определат почетната цена со која ќе започне наддавањето. Кога сите услови за одржување на јавното наддавање се исполнети, извршителот објавува дека јавното наддавање може да започне, а три минути по ставањето на најповолната понуда наддавањето се заклучува. За дејствието кое се презело извршителот изготвува посебен заклучок и посебен записник за извршената продажба, при што се утврдува кој понудувач понудил највисока цена. Оној што понудил највисока цена се смета како купувач на

недвижноста. На сите учесници на наддавањето им се дава примерок од записникот и заклучокот.

Против доставениот заклучок дозволена е тужба. Поднесената тужба не го спречува спроведувањето на заклучокот за продажба. Кога ќе се уплати цената на недвижноста, извршителот донесува заклучок за извршена продажба која претставува правна основа за стекнување на правото на сопственост на таа недвижност.

Продажбата може да биде направена со непосредна спогодба и во тој случај извршителот донесува заклучок за продажба. Изготвениот договор за продажба со непосредна спогодба треба да биде во писмена форма. Ваквиот договор го потпишуваат купувачот и извршителот во име и за сметка на должникот. Од денот на донесувањето на заклучокот за продавање на недвижноста договорот произведува правно дејство.

По извршената уплата на износот на недвижноста, извршителот донесува заклучок за извршената продажба.

Овој заклучок претставува правна основа за стекнување на правото на сопственост со запишување во Катастарот на недвижности. Кога ќе бидат исполнети условите за полноважност, извршителот донесува заклучок за продажба на недвижноста продадена со непосредна спогодба. Заклучокот што го изготвува извршителот се доставува до сите лица, односно до купувачот и до сите учесници.

За продажбата да биде прогласена за важечка, купувачот треба во рок од 15 дена од денот на продажбата да ја положи цената. Во спротивно, ако купувачот не ја положи цената, извршителот треба да ја прогласи продажбата за неважечка и да определи нова продажба. Гаранцијата што е приложена ќе послужи за подмирување на трошоците за новата продажба, а исто така ќе се надомести и разликата на цената што е постигната на поранешната и на новата продажба. По уплатата на цената, во рок од осум дена извршителот донесува заклучок за предавање на недвижноста во владение.

Заклучокот се доставува до истите лица на кои е доставен заклучокот за продажба на недвижноста. Доколку дојде до поништување на заклучокот за продажба на недвижноста по донесувањето на заклучокот за предавање на недвижноста на купувачот, тоа не влијае врз правата на купувачот. Ако и по второто наддавање недвижноста не се

продаде, тогаш на предлог на доверителот таа може да му се продаде нему по цена определена за продажба на второто јавно наддавање. Во ваква ситуација доверителот има обврска да ја положи позитивната разлика во цената кај извршителот во рок којшто ќе го определи извршителот. Ако доверителот не даде предлог за недвижноста да му биде продадена нему, во тој случај извршителот определува нова продажба, но заснована врз предлог на доверителот. Доверителот по истекот на рокот од една година од денот на второто јавно наддавање го губи правото да поднесе предлог за друга продажба.

Во тој случај доверителот може да поднесе нов предлог за извршување и по ваквиот предлог се поведува ново извршување. Ако доверителот не стави предлог или доколку недвижноста на првото јавно наддавање во продолжена постапка не можела да се продаде ни за 2/3 од утврдената вредност, тогаш извршителот го запира извршувањето кон оваа недвижност. Во случај кога недвижноста не се продала во рокот определен со спогодбата на странките и заложните доверители, тогаш извршувањето со продажба со непосредна спогодба запира.

Извршителот врши намирување по донесувањето на заклучокот за извршеното предавање на недвижноста на купувачот. Намирувањето означува дејствие со кое се врши исплата на износи од наплатената продажна цена на доверителите. Доверителите по чие барање е спроведено извршувањето се намируваат од продажната цена. Исто така се намируваат и заложните доверители иако тие не ги пријавиле своите побарувања, лицата коишто имаат право за надоместок за лични службености и стварни товари, надлежните органи за побарување на давачки и лицата кои имаат побарување т.е. трошоци на извршување и давачки пристигнати последната година, а кои претставуваат товар на продадената недвижност. По сите погоре наведени намирувања, се намируваат побарувањата обезбедени со заложно право, побарувањата на доверителите по чие барање е спроведено извршување и надометок за лични службености и стварни товари кои се гаснат со продажбата. Доверителите се намируваат по редот како што е стекнато заложното право, а исто така влијае и редот на запишување во јавна книга на личните службености и стварните товари. Последните три години до донесувањето на заклучокот за продавање на недвижноста на купувачот, трошоците и каматите определени со извршна исправа се намируваат по истиот ред како и главното побарување.

Висината на надоместокот на личните службености и стварните трошоци врз недвижноста ја определува извршителот со посебен заклучок, притоа водејќи сметка за времето за кое службеноста односно товарот би траел, а исто така се зема предвид нивната вредност и годините на возраст на носителот на тие права. Доколку за висината на надоместокот за личните службености или стварните товари кои се гасат со продажбата не постои согласност меѓу носителите на тие права и доверителите, извршителот ги упатува носителите на правата да поведат спор во рок од 30 дена.

Меѓу купувачот и носителот на правото на лична службеност или стварен товар може да постои спогодба во која ќе биде одредено купувачот да ја преземе службеноста односно стварниот товар и износот на надоместокот.

Ако има повеќе побарувања коишто имаат ист ред на намирување, а износот кој е добиен со продажбата не е доволен за целосно намирување, тогаш намирувањето се врши сразмерно на износите. Извршителот не застанува со намирување доколку другото лице или доверителот приговара на редот на намирување.

Ако до денот на донесување на заклучокот за намирување не пристигнало побарувањето на заложниот доверител и за истото нема договорено камата, тоа побарување ќе се исплати по добивањето на износот кој одговара на законската казнена камата. Каматата се смета од денот на донесување на заклучокот за намирување до денот на пристигнување на побарувањето. Ако побарувањето не е пристигнато до денот на донесување на заклучокот за намирување, а за тоа има договорено камата, ќе се исплати заедно со износот на договорената камата.

Во случај кога побарувањето се извршува на повремени примања и тоа врз основа на законска издршка, намалување или загубување на работната способност, надоместок на штета на здравјето или надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давателот на издршката обезбедени со залог, а пристигнуваат до денот на донесување на заклучокот за намирување, се намирува само барањето од доверителот.

Овие побарувања се пресметуваат на ист начин односно согласно со начинот на којшто се пресметува надоместокот за лична службеност или стварен товар. По службена должност извршителот носи заклучок каде што го определува износот на побарувањето коешто е обезбедено со заложно право, но доколку не се работи за невозможен услов,

условот се издвојува и ќе се стави во судски депозит. Доколку одложениот услов не настапи или пак настапи раскинувачки услов, тогаш издвоениот износ служи за намирување на доверителите чие побарување не е целосно или не е воопшто намирено. Ако не постојат такви доверители или целиот износ не е исцрпен со новното намирување, во тој случај тој износ односно остатокот од износот ќе му се предаде на должникот.

Прибелешката на заложното право се врши во Катастарот на недвижности, каде што во јавната книга се запишува прибелешката на заложното право на лицата во чија корист истата е запишана. Добиениот износ постигнат од продажбата на недвижноста се внесува во посебен записник. Тој записник и заклучокот за определување на времето на делба го составува извршителот.

За присуство на закажаната делба се известуваат странките, но исто така и лицата кои според податоците во јавната книга и состојбата на списите имаат право на намирување од тој износ. Треба да се напомене дека доколку доверителот не присуствува на делбата за побарувањето, ќе се смета состојбата што произлегува од списите и од јавната книга. Во текот на делбата може да се приговара за постоење на друго побарување, за неговата висина и редот по кој има право да се намири. Во текот на делбата се разгледуваат барањата на доверителите за намирување, но исто така и барањата што ги имаат доставено други лица.

Извршителот изготвува заклучок и го доставува до доверителите и другите лица кои имаат право на намирување, при што треба да се земе предвид состојбата утврдена со делба и состојбата што произлегува од списите и од јавната книга. Извршителот го брише правото и товарите на недвижноста, но има и такви кои остануваат и откако купувачот ќе ја преземе недвижноста или пак купувачот ги презема сам. Правото на должникот врз продадениот стан престанува со донесувањето на заклучокот за предавање на станот. Должникот во ваков случај не го задржува станот за да домува, туку треба во рок од 60 дена од денот на донесување на заклучокот да се исели, т.е. да го испразни станот, а во случај тоа да не го стори, извршителот по предлог на купувачот го врши испразнувањето.

На места каде што не е установен новиот Катастар на недвижности, задржани се и важат одредбите ода Законот за извршување. Сепак, треба да се напомене дека во меѓувреме се донесени други законски одредби, како што е примерот со Законот за легализација на земјиште и згради. Оваа одредба имаше примена во случај извршителот

да не може да прибави доказ за сопственоста, согласно со правните правила што важеа на тоа подрачје. Наместо доказ за сопственоста, извршителот врши попис на недвижноста за која е определено извршување.

Записникот кој го составува при пописот има значење на прибелешка и такво значење има и во случај кога недвижноста не е запишана во јавна книга.

Се додека не е барано извршување врз основа на извршна исправа, може да се бара наплата на судски пенали. Доверителот нема право на судски пенали од денот на поднесување на барањето за извршување.

ИСПРАЗНУВАЊЕ И ПРЕДАВАЊЕ НА НЕДВИЖНОСТ

Извршителот со Записник за испразнување и предавање му ја предава недвижноста во посед на доверителот откако ќе ја испразни од ствари. Покрај записник, извршителот исто така изготвува и доставува посебен налог заради испразнување и предавање на недвижноста. По доставувањето на налогот за извршување од страна на извршителот, во рок од осум дена треба да се пристапи кон испразнување и предавање на недвижноста. Испразнувањето на недвижноста се врши на тој начин што подвижните ствари кои се најдени му се предаваат на должникот, а доколку тој не е присутен, на полнолетен член на неговото домаќинство или на негов полномошник.

Во случај да не е присутно ни едно од погоре споменатите лица или доколку не сакаат да ги примат предметите, тие ќе му се предадат на чување на друго лице, но на трошок на должникот. Извршителот му дава рок од осум дена на должникот во кој треба предметите да му се предадат, но откако ќе ги надомести трошоците на чување.

Извршителот е должен да го предупреди должникот дека по истекот на рокот од осум дена предметите ќе бидат продадени и од продажната цена ќе бидат намирени трошоците за чување. Извршителот изготвува заклучок со кој ја определува продажбата на предметите. Овој заклучок го изготвува доколку должникот во оставениот рок не бара предавање на предметите и не ги надомести трошоците на чување. Доколку должникот не се придржува кон законски определениот рок, дел од цената постигната со продажба што ќе преостане по намирувањето на трошоците за чување се полага кај судот во корист на должникот.

V ДЕЛ

КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРИВАТНИТЕ ИЗВРШИТЕЛИ ВО ОДНОС НА ДАНОЧНИТЕ ИЗВРШИТЕЛИ

ИЗВРШУВАЊЕ ВО ДАНОЧНА ПОСТАПКА

Во Република Северна Македонија, покрај приватните извршители, за наплата на побарувањата на доверителите постојат и даночни извршители.

Првата разлика меѓу нив е тоа што даночните извршители се составен дел на Управата за јавни приходи и работат во име и за сметка на Управата, додека приватните извршители сами си обезбедуваат место за работа, вработуваат луѓе, се грижат да обезбедат плата за вработените и сл. Тие работат во свои име и за своја сметка. Извршителите ги повикуваат должниците кај нив, во нивната канцеларија, и во известувањето за повикување на должникот да го плати долгот стои името и презимето на извршителот и местото на седиштето на извршиелот.

При извршувањето на нивната работа тие се постојано во ризик, што се гледа и од искуството на Комората на извршители од досегашната пракса. Според едно наше научно истражување, за граѓаните извршителите се полицајци, луѓе кои го земаат она што ќе го најдат, иако реално не е така. Извршителската професија е вонредно стресна, бидејќи извршителите редовно се соочуваат со директни закани, а исто така секојдневно се соочуваат со разни потресни човечки судбини на терен, но сите успеваат професионално да ја вршат работата.[29]

29 www.kirm.mk, Интерју на Гордан Станковиќ, поранешен претседател на Комората на извршители, пристапено на 15.12.2015 година;

Како приватните извршители така и даночните имаат овластувања да спроведуваат принудна наплата. Управата за јавни приходи може исто како извршителот да врши присилна наплата по даночни управни акти со кои се побарува данок или споредна даночна давачка.

По даночните акти може да се врши присилна наплата само доколку нивното спроведување не е одложено или спроведувањето е спречено заради правен лек. И во оваа постапка, исто како и кај извршувањето, има два главни субјекта - доверител и должник. Доверител, односно лицето кое побарува во присилна наплата е Управата за јавни приходи која побарува наплата на даночните долгови. Должник во присилната наплата е лицето кое должи данок или споредна даночна давачка и од кое тие треба да бидат присилно наплатени.

Постојат оправдани услови поради кои присилната наплата може да се спроведе. Присилната наплата може да започне доколку долгот е доспеан, доколку должникот неколку пати е повикуван да плати и доколку од денот кога бил повикан да плати поминала една седмица.

Кога Управата за јавни приходи ќе го повика должникот, потребно е подетално да ја наведе причината за долгот и податоците врзани за него. Кога ќе поведе присилна наплата, против таквата наплата не е дозволена жалба за околности кои се однесуваат на утврдувањето на даночниот долг, но дозволен е приговор само против даночниот управен акт за одредување на присилната наплата. Приговорот против даночниот управен акт не го одлага спроведувањето на присилната наплата. Но, може да се случи присилната наплата да мора да се заврши или да се ограничи во случаи кога е поништен или повлечен даночниот управен акт и доколку е поништен или одложен даночниот долг.

Управата за јавни приходи која како орган кој има дозвола да спроведува присилна наплата на даночниот долг може да извршува од целокупниот имот, приходите и побарувањата на должникот. Сепак, постојат исклучоци односно предмети и ствари на кои присилна наплата на даночен долг не смее да се спроведе. Такви се: облека, обувки, долна облека, постелнина, апарати за домаќинството, кујнски апарати, мебел коишто му се потребни на должникот во присилната наплата и на членовите на неговото семејство за водење на пристоен и скромен живот. Наплатата не смее да се спроведе и на лица кои се занимаваат со замјоделство и шумарство, апарати, добиток и сточна храна потребна за 4

седмици кои се неопходни за извршување на стопанската дејност, прехранбени производи, средства за огрев и осветлување коишто на должникот во присилната наплата и на членовите на неговото семејство му се потребни за 4 седмици, научни, стручни и религиозни книги, како и учебници на должникот и членовите на неговото семејство, суштински неопходните средства потребни за извршување на професионална дејност, стипендија на ученици и студенти, детски додаток и други примања врз основа на социјална заштита, примања врз основа на законско издржување, книги за трошоци, семејни документи, венчални прстени, ордени и медали, како и предмети одредени за погреб и ортопедски помагала коишто се во употреба, две третини од нето личните примања по основ на работа, но најмногу до износ од 150 евра во денарска противвредност, противпожарна опрема и лекови, медицински помагала и медицинска опрема.

Но, и покрај овие ограничувања, според укажувањата од канцеларијата на Народниот правобранител, Управата за јавни приходи и општините кога вршат присилна наплата за долгови кои се во нивна надлежност, многу често ги собираат сите средства од сметката на должникот, односно целиот паричен износ од платата или пензијата на граѓаните, без да водат сметка за ограничувањата кои ги пропишува Законот.[30]

Иако во многуте закони кои ја регулираат оваа проблематика е наведено дека постои ограничување во извршувањето, во пракса тоа не е така бидејќи чести се случаите во кои Управата за јавни приходи со блокада на сметка го повлекува целиот износ од платата, пензијата и други надоместоци од даночниот должник, со што на граѓаните не им се оставаат средства за живот во текот на месецот.

Од погоре наведените причини, од страна на Народниот правобранител е укажано на недостатоците во Законот за даночна постапка и поведена е иницијатива до Владата на Република Северна Македонија за измени во законите за даночна постапка и за даноци на имот, со кои јасно ќе се прецизира дека при извршувањето од сметка во банка мора задолжително да се внимава на ограничувањата на присилната наплата, односно да не се

30 www.utrinski.mk, издание бр.4496 од 30.05.2014 година;

земаат сите средства од должникот и притоа наплатата да биде поволна за граѓаните, како и да се води сметка за нивното достоинство.[31]

Иако во сите закони има членови кои укажуваат дека треба да се одзема по една третина, Управата за јавни приходи и општините толкуваат дека овие изземања не важат за приходи што стигнуваат преку сметка во банка, и тие го наплаќаат целиот износ од сметката на должникот. Затоа е потребно во овие закони да се додадат и членови според кои задолжително ќе се води сметка за наведените ограничувања.[32]

Согласно со Законот за даночна постапка, Управата за јавни приходи има право да врши присилна наплата на долгови на граѓаните по основ на даноци, односно персонален данок, наплата на радиодифузна такса и наплата на прекршочни такси изречени од судовите кога ќе станат правосилни.

Во постапката за присилна наплата должникот ги наплатува трошоците кои претставуваат долг кој го има во Управата за јавни приходи, а кој не го платил по претходно повикување за доброволно плаќање.

Сите наведени трошоци за присилна наплата и посебната такса паѓаат на товар на должникот во присилната наплата. Трошоците за присилна наплата и нивната висина се определуваат со тарифа којашто ја донесува Владата на Република Северна Македонија и сите организациони единици на Управата за јавни приходи имаат обврска да ја користат неа, исто како што е и случајот со приватните извршители каде постои тарифа која ја определува министерот за правда.

Доколку должникот во присилната наплата го плати даночниот долг по отпочувањето на постапката за присилна наплата, сепак тој не се ослободува од плаќањето на трошоците и еднократната такса, бидејќи постапката била веќе започната кога го платил долгот.

Согласно со Законот за даночна постапка, наплатата на даноци во постапката на присилна наплата се спроведува врз основа на парични средства на должникот во присилната наплата, парични побарувања на должникот во присилната наплата и

31 www.utrinski.mk, издание бр.4496 од 30.05.2014 година;
32 www.utrinski.mk, издание бр.4496 од 30.05.2014 година;

непарични побарувања и други права на должникот во присилната наплата, како и врз готови пари и хартии од вредност и движни предмети и недвижности.[33]

Кога ќе споредиме со принудната наплата кај приватните извршители, и кај нив таа се спроведува врз парични средства на должникот, врз парични побарувања, врз движни и недвижни ствари и сл., што значи дека се избираат и преземаат истите дејствија.

Присилната наплата може да биде спроведена на еден или повеќе предмети во исто време, но тоа се одредува со решение. Во присилната наплата може да се јави трето лице освен член на семејството на должникот, кое тврди дека има право на стварите кои се предмет на присилна наплата на данок. Доколку тоа тврдење е поткрепено со факти, би ја спречило продажбата на имотот и тоа лице може да поднесе до надлежниот суд излачна тужба во која положува докази за сопственоста на стварите.

По доставување на тужбата, судот може да наложи прекин или запирање на спроведувањето на одредените мерки во текот на постапката за присилна наплата се додека не одлучи. Ако лицето достави доказ дека има право над стварите кои се предмет на присилна наплата, Управата за јавни приходи може да ја прекине, односно запре присилната наплата над тие предмети на кои лицето има право. Заради обезбедување на даночното побарување во присилната наплата се воспоставува законско заложно право во корист на даночниот доверител, а со цел поефикасно и поефективно водење на постапката. Како даночен доверител кај присилната наплата од страна на Управата за јавни приходи се јавува Република Северна Македонија.

Воспоставениот залог трае до намирување на даночниот долг, односно до намирување на доверителовото побарување или поништување на даночното решение. Кога ќе се намират обврските, престанува и залогот.

Управата за јавни приходи презема мерки за присилна наплата врз основа на решението за залог, а такви мерки се: попис на движни предмети и запленување, забрана за пренос на парични средства преку сметка на должникот во присилната наплата отворена кај банка, освен со цел за намирување на обврска по основ на данок и упис на забраната во регистарот на имателите на сметки, попис на недвижности, забрана на

33 Член 132 од Закон за даночна постапка, Службен весник на РМ бр.13/06

должниците на должникот во присилната наплата да ги платат на должникот во присилната наплата готовинските долгови и упис на забраната во соодветниот регистар и забрана на должниците на должникот во присилната наплата да ги исполнат другите обврски кон него и упис на забраната во регистарот на движни ствари.

По извршениот попис на движни ствари или недвижности, Управата за јавни приходи донесува решение со кое му наложува на соодветниот орган да изврши упис на заложно право на движни предмети и недвижности коишто биле попишани. Решението се запишува веднаш по доставувањето кај сите надлежни институции, односно кај надлежниот орган, во заложниот регистар на движни ствари, во регистарот на недвижности и во регистарот на имателиа на сметки, со датум и точно време на приемот.

Доколку должникот не е запишан како сопственик на недвижности во јавните книги, Управата за јавни приходи по предавањето на барањето за упис на хипотека ќе може да бара од надлежниот орган прво да го впише правото на сопственост на должникот во присилната наплата на таа недвижност, и сето тоа поткрепено со докази за стекнување на недвижноста, а потоа Управата за јавни приходи бара упис на хипотеката на недвижноста. Заложно право стекнато на попишаните предмети во корист на Република Северна Македонија се воспоставува со упис во соодветниот регистар.

По доставувањето на решението, на должникот му се забранува да располага со предметите врз кои е воспоставен залог, со исклучок на недвижностите. Со издавање на решението од страна на Управата за јавни приходи за присилна наплата од парични средства на должникот се запираат сите финансиски трансакции преку сметката на даночниот обврзник, освен трансакциите кои се однесуваат на намирување на данокот. Денес ова е едно од најзастапените дејствија кои ги презема Управата за јавни приходи. Голем број од граѓаните се со блокирани сметки од Управата за јавни приходи, која притоа не води сметка дали се земаат средства од плата, пензија или други примања и надоместоци.

Република Северна Македонија како доверител стекнува заложно право на стварите кои се попишани и со кои ќе се намири побарувањето, чиј приоритет се утврдува во согласност со времето на упис во регистарот или пак времето на известување на должникот.

ПОПИС НА ДВИЖНИ СТВАРИ

Службеникот на Управата за јавни приходи овластен за спроведување на присилната наплата, односно даночниот извршител има право, заради извршување на пописот, да влезе на земјиште и во простории во кои должникот во присилната наплата ја врши својата деловна активност, а со судско решение и во стан на даночниот обврзник. Пред пристапувањето кон попис, даночниот извршител ќе ги покаже документите со кои ги потврдува своите овластувања и решението за присилна наплата и ќе го повика должникот во определен рок во присилната наплата да го плати должниот износ.

Доколку должникот во присилната наплата се спротивстави на пописот на движните ствари и даночниот извршител не може да го спроведе, попис се спроведува во присуство на еден полнолетен сведок.

Ако во текот на пописот должникот во присилната наплата истакне дека над подвижната ствар е воспоставено заложно право што е упишано во регистарот за заложни права во корист на приватно-правен доверител, даночниот извршител тоа го зема предвид при утврдување на приходите кои можат да се реализираат.

Даночниот извршител може, ако процени дека се основани тврдењата на должникот во присилната наплата или на други лица дека над одредени ствари постојат права кои би можеле да го спречат извршувањето, да не утврди приоритет при пописот на ствари. Првенство во пописот имаат ствари кои најлесно можат да се впаричат, односно оние ствари кои полесно ќе можат да се искористат за да се намири долгот. Даночниот извршител е овластен да ги оддалечи лицата кои го оневозможуваат спроведувањето на присилната наплата, а доколку оневозможувањето продолжи или ако лицето кое ги поседува стварите одбие да ги направи достапни за употреба и спроведување на присилната наплата, може да побара помош од органот за внатрешни работи.

ПОПИС НА НЕДВИЖНОСТИ

Попис на недвижности е дејствие кое го презема и приватниот извршител во Република Северна Македонија со цел подобар тек на постапката. Управата за јавни приходи исто така има дозвола да презема вакви дејствија и таа по службена должност може да обезбеди доказ за недвижностите кои се сопственост на должникот. Таквиот доказ може да го обезбеди од институциите во државата кои водат евиденција за правото на сопственост на недвижноста. Управата за јавни приходи, по доставувањето на барање за податоци до органот надлежен за водење регистар на недвижности, треба да добие податок во рок од три дена од денот на приемот на барањето. Со извршување на ова дејствие, даночниот извршител има право да влезе на земјиштето и просториите во кои должникот ја врши својата дејност, а со судски налог и во станот на должникот, сè со цел поефикасно водење на постапката односно пописот во присилната наплата.

По спроведувањето на пописот од страна на Управата за јавни приходи се намируваат даночните давачки од попишаните ствари. По намирувањето на даночните обврски, односно по истекот на два дена, Управата за јавни приходи поднесува барање за бришење на залогот. За бришењето таа го известува носителот на платниот промет и должникот во присилната наплата. Постои исклучок кај данокот кој достасува периодично или повеќе пати во текот на годината. Кај овие видови даноци воспоставеното заложно право се брише најдоцна десет дена по истекот на годината во која е воспоставено.

СРЕДСТВА НА ПРИСИЛНА НАПЛАТА

За да може да се спроведе присилна наплата, потребно е да се утврди на каков начин и на што таа може да се спроведе. Средствата за присилна наплата се точно утврдени и во Законот за извршување и во Законот за даночна постапка.

Согласно со Законот за даночна постапка, даночните извршители спроведуваат присилна наплата на: паричните средства на должникот во присилната наплата - со пренос на средства од сметка на должникот, вклучувајќи ги и средствата од девизна сметка, на уплатната сметка на јавните приходи; готови пари и хартии од вредност - со попис и

запленување; движни предмети – со запленување и продажба по пат на аукција; недвижности - со запленување и утврдување на почетна вредност и продажба по пат на аукција; парични побарувања - со пренос на побарувањата на уплатната сметка на јавните приходи; други побарувања на должникот во присилната наплата – со забрана, пренос на побарувањата и попис со проценка, заплена и продажба на предметите на побарувањата.

Управата за јавни приходи има право по кој било редослед да применува едно или повеќе средства на присилна наплата. Таа треба да го одбере средството за кое смета дека е најподобно во таа постапка. Средството за присилна наплата Управата за јавни приходи го избира со решение кое се доставува на должникот во присилната наплата, на неговите должници и во банка. Доколку во текот на постапката од продажбата на движни предмети и на недвижности се запленат пари и приходи, Управата за јавни приходи тие средства ги уплатува на соодветна уплатна сметка со цел да се намири побарувањето. Доколку со продажбата е постигната повисока цена од износот кој треба да го плати даночниот должник, во тој случај разликата се враќа на должникот во рок од 30 дена. Но, во случај кога во определениот рок на должникот му достасала нова даночна обврска која не му била платена, тогаш средствата кои се вишок се користат за намирување на таа обврска. Приходите кои се добиени од впаричување на предметите се распоредуваат според следниот редослед: најпрво се наплаќаат трошоците за наплата, па паричната казна, па потоа каматата и износот на главната даночна обврска.

Во однос на горенаведеното, забележувме дека принудната наплата е скоро иста кај двата вида извршители - и кај даночните и кај приватните. И кај едните и кај другите извршителот го избира дејството што ќе го преземе за наплата на побарувањето. Доколку во текот на присилната наплата е наплатено повеќе од она што е потребно за побарувањето, остатокот му се враќа на должникот.

Присилна наплата на данок од парични средства на должникот е средство на наплата кое повеќе се користи, бидејќи покажала позитивни резултати. Таа се одвива на тој начин што се врши пренос на средства од сметката на должникот отворена кај носител на платен промет на соодветната уплатна сметка на Управата за јавни приходи. Доколку на сметката на должникот во присилната наплата привремено нема средства, носителот на платниот промет го извршува решението сукцесивно, односно спрема расположливите

средства на сметката. Тоа трае сè додека не се наплати даночниот долг утврден во решението. Но, може да се случи на сметката на должникот привремено да нема средства, па носителот на платниот промет да ја блокира сметката сè додека не се обезбедат средства за целосно извршување на решението.

Дококу носителот на платниот промет не се придржува на барањето од Управата за јавни приходи односно не постапува согласно со наложеното, наплатата на долгуваниот данок и споредните даночни давачки Управата за јавни приходи ќе ја изврши од средствата кои се наоѓаат на сметката на носителот на платен промет. Решението за присилна наплата на данок од парични средства на должникот почнува да произведува правно дејство од денот на доставувањето кај носителот на платниот промет до денот на намирување на обврските. Тоа има приоритет во наплатата и се извршува пред сите други налози кои се наоѓаат кај носителот на платниот промет.

Следно средство за присилна наплата кое го презема даночниот извршител е наплата од парични побарувања на должникот. Исто како и претходните, и ова средство се извршува врз основа на решение. Со решението, даночниот извршител му налага на должникот во присилна наплата својот долг да го намири со уплата на сметка на Управата за јавни приходи по доспевање на побарувањата.

Присилна наплата од други побарувања на должникот кога побарувањето гласи на предавање на предмети или пренос на права на сопственост на должникот се извршува со решение со кое му се налага на должникот да му го пренесе износот кој го должи на должникот во присилната наплата. Кога присилната наплата ја спроведува врз хартии од вредност, Управата за јавни приходи односно даночниот извршител изработува решение кое го доставува до банката или до друго правно лице кај кое се чуваат хартиите од вредност. Истото решение се доставува и до должникот во присилната наплата. Податоците за хартиите од вредност, вклучувајќи ја и проценатa на нивната вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност, банката или друго правно лице кај кое се чуваат хартии од вредност, без надоместок, ги доставува до Управата за јавни приходи во рок од пет дена од денот на приемот на решението. По добиените податоци, се свикува продажба на хартиите од вредност. Средствата добиени со продажбата се уплаќаат на сметка на Управата за јавни приходи.

Сите горенаведени средства имаат свои предности и недостатоци. Затоа велиме дека Управата за јавни приходи односно даночниот извршител сам ги избира средствата за присилна наплата, сѐ со цел за поефикасно и поефективно водење на постапката.

ПРИСИЛНА НАПЛАТА НА ДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ

Може да се каже дека ова дејствие е едно од потешките дејствија за даночниот должник, односно лицето кое не го платило данокот. Дејствието се презема од страна на даночениот извршител кој со издаденото решение ги попишува, проценува, плени и продава.движните ствари.

Даночниот извршител во текот на пописот врши проценка на движните предмети со цел да утврди колкава е нивната вредност и дали со неа ќе може да се намири долгот.

Покрај даночниот извршител, проценка може да врши и овластен проценител, но по барање од Управата за јавни приходи. Во текот на пописот, даночниот извршител составува записник во кој ги внесува сите податоци и информации поврзани со пописот. Направениот записник се доставува до должникот во присилната наплата. Должникот има право да изјави приговор во рок од три дена од денот на доставувањето на записникот. Приговорот може да биде во врска со утрдената вредност односно направената проценка на движните ствари.

По доставениот приговор одлучува надлежното одделение за присилна наплата кое донесува заклучок. Со донесувањето на заклучокот, постапката за присилна наплата се прекинува, а против овој заклучок не е дозволено правно средство. Во текот на пописот може да се случи на попишаниот движен предмет да е впишан залог во корист на Република Северна Македонија или да е поведена постапка за воспоставување заложно право во корист на Република Северна Македонија. Во тој случај движниот предмет не се запленува од должникот во присилната наплата во моментот на пописот. Движниот предмет се запленува од должникот во присилната наплата по истекот на рокот од 15 дена од спроведувањето на пописот.

По исклучок, доколку постојат основи за сомнение дека должникот во присилната наплата ќе ја оневозможи продажбата на движниот предмет над којшто е воспоставено заложно право на Република Северна Македонија, предметот се запленува во моментот на

пописот, за што даночниот извршител составува записник во кој треба даго образложи сомнението.

Доколку во текот на постапката постои спротивставување на трето лице при запленувањето на расиплива стока или стока чие што чување предизвикува големи трошоци, тоа не го спречува моменталното впаричување. По докажување на сопственоста на стварите од страна на трето лице, приходите од остварената продажба му припаѓаат нему.

Ако одреден предмет на должникот во присилната наплата се наоѓа кај друго лице, даночниот извршител му наложува да го предаде предметот за потребите на присилната наплата или да го плати даночниот долг. Во овој случај ќе се смета дека другото лице го платило долгованиот износ или го предало предметот по налог на должникот и за тоа даночниот извршител е должен на лицето да му издаде потврда за предавање на предметот или за уплата на долгованиот износ.

По утврдувањето на вредноста на попишаните предмети, даночниот извршител свикува продажба која може да се врши по пат на усна јавна аукција и јавна аукција по електронски пат. Доколку во попишаните предмети има предмет кој е расиплив, Управата за јавни приходи го продава по пат на непосредна спогодба без одлагање, бидејќи во спротивно може да биде во загуба.

Со непосредна спогодба може да се продаваат предмети за кои еднаш била спроведена неуспешна аукција и чија проценета вредност е до износ од 30.000 денари. По истекот на рокот од 15 дена од спроведувањето на пописот може да се пристапи кон аукција на запленети движни предмети. Оние лица кои уплатиле 10% од утврдената почетна вредност на движниот предмет имаат право да учествуваат на јавната аукција. На оние лица кои учествувале на јавната аукција и на кои понудата не им е прифатена, им се враќа депозитот. На јавната аукција може да се продаде движниот предмет само ако се постигне половина од проценетата вредност. Предметите што останале непродадени можат да бидат продадени од Управата за јавни приходи по пат на слободна продажба, но доколку се работи за предмети од злато и сребро, тие не смеат да се продаваат под материјалната односно берзанската вредност. По спроведувањето на продажбата, должникот и купувачот добиваат потврда дека продажбата е извршена. Постапката на

продажба на запленетите предмети се прекинува кога тие ќе ја достигнат висината на даночниот долг и споредните даночни давачки со паричните додатоци, како и трошоците за присилна наплата, а предмети кои останале се враќаат на должникот.

ПРИСИЛНА НАПЛАТА НА НЕДВИЖНОСТИ

Ако за претходното дејствие рековме дека е едно од потешките за должникот, присилната наплата на недвижности најмногу го погодува должникот и членовите на неговото семејство. Ова дејствие го означува пописот на недвижноста која е сопственост на должникот.

При попишувањето најпрво се одредува нејзината почетна вредност и се продава од страна на даночниот извршител.

Пред започнувањето на пописот, даночниот извршител треба да се легитимира за да ги покаже своите овластувања, го покажува решението за присилнна наплата и го повикува должникот да го плати долгуваниот износ. Доколку во моментот на пописот се заплени недвижност која не е запишана во соодветен регистар, запишувањето го спроведува даночниот извршител.

Во текот на пописот потребно е да присуствува полнолетен сведок, а доколку постои лице кое го нарушува спроведувањето на присилната наплата, даночниот извршител има право и е овластен да го отстрани лицето како и да побара помош од полицијата ако нарушувањето продолжи или доколку лицето кое ја поседува недвижноста одбива да ја направи достапна за спроведување на присилната наплата.

Како за пописот на движни предмети така и за пописот на недвижности, даночниот извршител составува записник во кој се опишуваат сите карактеритики што ги поседува недвижноста и сите информации поврзани со неа. При спроведување на пописот, Управата за јавни приходи ја утврдува почетната вредност на недвижноста според Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот, но водејќи сметка за тоа колку недвижноста помалку вреди заради тоа што на неа остануваат одредени права и товари по продажбата.

Продажбата на недвижности се одвива по пат на јавна аукција на која може да учествуваат само лица кои депонирале депозит кој мора да биде во висина од 10% од

утврдената почетна вредност на недвижноста. Доколку на одредени понудувачи понудата не им е прифатена, депозитот им се враќа веднаш по заклучувањето на аукцијата. Оние лица кои се заинтереситани за недвижноста што е предмет на продажбата можат да ја разгледаат, но мора да се напомене дека таа не може да се продаде по цена пониска од 75% од утврдената почетна вредност.

Може да се случи недвижноста да не се продаде на првата јавна аукција и тогаш даночниот извршител со заклучок одредува и закажува втора јавна аукција, на која недвижноста не може да се продаде по цена пониска од 50% од утврдената почетна вредност, но ако должникот писмено се согласи, недвижноста може да се продаде и по цена пониска од 50% од утврдената почетна вредност. Ако продажбата не е успешна ни по втората јавна аукција, тогаш сопственик на недвижнноста станува Република Северна Македонија. За секоја одржана аукција даночниот извршител составува записник. Лицето кое се јавува како купувач на недвижност треба износот за недвижноста да го исплати во рок од осум дена од денот на заклучувањето на усната јавна аукција. Доколку купувачот не го уплати износот во определениот рок од осум дена продажбата се смета за неважечка и во тој случај купувачот го губи правото на повратна депозитот кој веќе го депонирал.
Ако купувачот го плати износот во определениот рок, Управата за јавни приходи донесува решение за предавање на недвижноста во владение на купувачот и со таквото решение купувачот стекнува право на сопстевност и упис во јавните книги.

ОТПИС НА ДАНОК

Покрај сите дејствија кои ги презема даночниот извршител за присилна наплата на даночниот долг, таквиот долг може и да се отпише. Доколку се утврди дека наплатата нема да успее или трошоците за наплата не се во сооднос со даночниот долг, може да дојде до привремено отпишување на даночниот долг, но по истекот на рокот за застареност, односно по истекот на десет години од утврдувањето на данокот и на споредните даночни давачки, може да се изврши траен отпис на даночниот долг.

Даночниот обврзник има право на жалба против даночниот управен акт во случај кога Управата за јавни приходи не донела даночен управен акт во рокот утврден со закон, а исто така право на жалба има и лице за чии права или обврски е одлучено со даночниот управен акт. Даночниот обврзник или другото лице жалбата ја поднесуваат во рок од 15 дена од денот на доставувањето. Во рок од 45 дена од денот на доставување на жалбата со списите, по неа одлучува министерот за финансии којшто е задолжен за тоа и до кого се поднесува жалбата. Лицето кое поднесува жалба ја предава на организациона единица на Управата за јавни приходи која го донела даночниот управен акт, а доколку се случи жалбата да биде поднесена до ненадлежна организациона единица на Управата за јавни приходи, директно до Министерството за финансии, тогаш се смета дека истата е доставена навреме, но доколку е поднесена во законски утврдениот рок. Жалбата треба да ги содржи сите потребни податоци, на пример даночниот управен акт којшто се добива со означување на организационата единица на Управата за јавни приходи која го донела, а покрај тоа таа треба да биде образложена и во неа да се наведе во кој дел подносителот е незадоволен од даночниот управен акт. Жалбата не го одлага извршувањето и лицето кое поднесува жалба може во секој момент да се откаже од неа или да ја повлече сè до доставувањето на решение по жалба.

Надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи е должна жалбата, заедно со сите списи, да ја достави до Министерството за финансии кое донесува решение по жалбата. Тоа решение заедно со списите по предметот се доставува до надлежната организациона единица на Управата за јавни приходи која е должна да го достави до странките во рок од пет дена од денот на неговиот прием. Доколку министерот за финансии или од него овластено лице не донесе одлука по жалба, подносителот на

жалбата може за тоа да го извести Државниот управен инспекторат кој е должен во рок од десет дена од денот на приемот да изврши надзор во Министерството за финансии за тоа дали е спроведена постапка и за сето тоа да го информира подносителот на жалбата. По извршениот надзор, инспекторот од Државниот управен инспекторат може да донесе решение со кое го задолжува министерот за финансии да одлучи по жалбата, односно да ја отфрли, уважи или одбие, но доколку Министерот за финасии или од него овластеното лице не одлучи во одредениот рок, инспекторот може да поведе прекршочна постапка за прекршок или да определи дополнителен рок за одлучување по жалбата. Во тој рок министерот треба да одлучи по поднесената жалба и за тоа да го извести инспекторот, на кој ќе му достави копија од актот со кој е одлучено по поднесената жалба. Инспекторот ќе го информира подносителот на жалбата за мерките што ги презел во рок од три работни дена.

Согласно со Законот, доколку министерот за финансии или од него овластено лице надлежно за одлучување по жалбата не одлучи ни во дополнителниот рок, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки, но доколку инспекторот не постапи по известувањето, подносителот на жалбата во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат. Директорот на Управниот инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на жалбата или не поднел пријава, тој ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кои инспекторот треба да изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапка согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки. Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на жалбата за преземените мерки. Во ваков случај, директорот на

Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

Исто така, директорот на Државниот управен инспекторат има обврска во рок од три работни дена да го информира подносителот на жалбата за преземените мерки, но доколку не постапи по барањето упатено до него, подносителот на жалбата може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена. Доколку министерот за финасии или од него овластено лице надлежно за одлучување по жалбата не одлучи во определениот рок, подносителот на жалбата може да поведе управен спор пред надлежниот суд, а постапката пред Управниот суд е итна.

Против решението по жалба, даночниот обврзник има право да поднесе тужба пред Управниот суд на Република Северна Македонија, но поднесувањето на тужбата не го спречува извршувањето на даночниот управен акт.[34]

Доколку на Управата за јавни приходи и е потребна помош за спроведување на одаочување, може да ја добие од сите судови и државни органи, вклучувајки ги и органите на единиците на локалната самоуправа. Покрај помошта од државните институции, Управата за јавни приходи може да се обрати за помош и до странски даночен орган. Тоа се нарекува меѓународна правна помош, под која се подразбира право на Управата за јавни приходи врз основа на меѓународни договори, во тек на даночната постапка да се обрати за давање правна помош до странски даночен орган, но покрај право таа има и обврска да даде таква помош на странски даночен орган.

Доколку давањето на меѓународна правна помош не е уредено со меѓународен договор, правна помош може да се даде ако постои реципоцитет; ако државата која ја прима правната помош се обврзе дека применте информации и документација ќе ги користи само за целите на даночна, прекршочна или кривична постапка, како и дека истите ќе бидат достапни само на лицата, органите на управата, односно правосудните органи надлежни за одреден даночен предмет или спроведување на прекршочна, односно кривична постапка во врска со тој предмет; ако државата на која и се дава правната помош е спремна по пат на разбирање да избегне двојно одаочување; ако задоволувањето на замолницата не го загрозува јавниот поредок или други битни интереси на Република Северна Македонија, и ако не постои опасност со давање на правната помош да дојде до

34 Чл.175-з в.в Чл.176 Закон за даночна постапка, Службен весник на РМ Бр.13/06

оддавање на службена или на професионална тајна или на резидентниот даночен обврзник да му се нанесе штета од поголеми размери.[35]

Управата за јавни приходи како орган преку кој се врши наплата на данок и кој спроведува присилна наплата е исто така надлежна за водење на прекршочна постапка и за изрекување на прекршочни санкции. Прекршочната постапка може да ја води за прекршоците пропишани со Законот за даночна постапка, Законот за данокот на додадена вредност, Законот за данокот на добивка, Законот за регистрирање на готовинските плаќања, Законот за персоналниот данок на доход, Законот за придонесите за задолжително социјално осигурување и Законот за игри на среќа и забавните игри.

Директорот на Управата за јавни приходи со решение именува Комисија за одлучување по прекршок.

Прекршочната постапка ја води Комисија за одлучување која е составена од овластени службени лица вработени во Управата за јавни приходи. Таа брои три члена, од кои едниот е дипломиран правник со положен правосуден испит и со работно искуство во својата област, другиот член со висока стручна подготовка од областа на методологијата, оданочувањето или надворешната контрола, исто така со работно искуство во својата област и третиот член со висока стручна подготовка и со работно искуство во својата област. За претседател на Комисијата за прекршоци може да биде именуван само дипломиран правник со положен правосуден испит. Покрај горенаведените членови, во Комисијата за прекршоци се именува и администратор кој ги врши административно-техничките работи. Сите членови на оваа комисија имаат свои заменици.

Прекршочниот орган во прекршочната постапка, како што и самото име кажува, одлучува и изрекува прекршочни санкции.

Прекршочниот орган донесува решение со кое се изрекува прекршочна санкција, а против тоа решение дозволено е да се поднесе тужба за поведување на управен спор.

Управата за јавни приходи формира повеќе комисии за прекршоци на ниво на регионални дирекции и тоа за временски период од две години, со право на реизбор на членовите, а сето тоа заради запазување на законски определената месна и стварна надлежност на територијата на регионалната дирекција и организационите единици – даночни одделенија.

35 Чл.177 и чл.178 Закон за даночна постапка, Службен весник на РМ Бр.13/06

Според Законот, член на Комисијата за прекршоци може да биде разрешен: со истекот на времето за кое е именуван за член на Комисијата; со исполнување на законските услови за стекнување на старосна пензија; по негово образложено барање; ако поради трајна професионална неспособност не е во можност да ги извршува обврските за кои е именуван; ако му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело; ако не ги исполнил обврските кои произлегуваат од работењето во Комисијата за прекршоци; ако се утврди дека ги прекршил правилата на постапување и одлучување во прекршочната постапка; ако не го пријавил постоењето на конфликт на интереси во случајот во кој решава Комисијата за прекршоци и доколку не се придржувал до принципите уредени со Кодексот на Управата за јавни приходи.[36]

Доколку некој сака да даде предлог за разрешување на член на Комисијата за прекршоци, тој предлог го поднесува до директорот на Управата за јавни приходи.

Комисијата за прекршоци најдоцна десет дена од денот на нејзиното именување донесува Деловник за работа со кој ќе бидат утврдени сите аспекти од делокругот на нејзиното работење. Таа заседава најмалку три пати во текот на работната седмица, сите одлуки ги носи во полн состав, има право да собира докази и податоци неопходни за утврдување на прекршокот, како и да врши други работи согласно со Законот за даночна постапка и Законот за прекршоци.

Нејзините членови се самостојни, независни во својата работа и тие одлучуваат во согласност со своето стручно знаење, слободно и самостојно убедување и со стандардите на етичкото и професионално однесување. Тие заедно со нивните заменици имаат право на награда која се определува во зависност од значењето, обемот и сложеноста на прекршоците. Директорот на Управата за јавни приходи со посебен акт ја утврдува висината на наградата и начинот на исплата.

Управата за јавни приходи, даночните инспектори или други овластени лица должни се на сторителот на прекршокот да му предложат постапка на порамнување пред да го поднесат барањето за прекршочна постапка. Постапката за порамнување е задолжителна. Ако овластеното лице констатира прекршок, должен е да состави записник во кој ќе ги забележи сите битни елементи на дејствието односно да го определи времето, местото и начинот на сторување на прекршокот и лицата затекнати на самото место.

36 Чл.178-б од Закон за даночна постапка, Службен весник на РМ Бр.13/06

Покрај составениот записник, тој е должен да му понуди на сторителот на прекршокот да го потпише записникот во знак на согласност. Овластеното лице е должно на сторителот на прекршокот да му издаде платен налог, но само ако сторителот на прекршокот се согласи со утврдениот прекршок. Може да се случи и сторителот на прекршокот да не сака да го потпише записникот, па во тој случај овластеното лице на самото место ќе му врачи покана за плаќање на глоба и тоа ќе го прибележи во записникот. Доколку сторителот на прекршокот одбие да ја прими и поканата, овластеното лице повторно го забележува тоа во записникот, а поканата за плажање на глобата ја доставува овластеното лице.

По приемот на поканата, сторителот на прекршокот има право во рок од осум дена да ја плати глобата. Доколку сторителот на прекршокот не ја плати глобата во определениот рок, овластеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до Комисијата за прекршоци.

Согласно со Законот за даночна постапка, доколку даночниот обврзник за прв пат стори неправилност, овластениот даночен службеник е должен да состави известување за констатираната неправилност со укажување истата да биде отстранета во рок од пет дена и му врачува покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста.

Доколку носителот на платен промет за прв пат стори неправилност, но неправилноста ја отстрани во рок од пет дена по истекот на пропишаниот рок или овластениот даночен службеник ја констатира истата неправилност во рок од пет дена по истекот на пропишаниот рок, во тој случај овластениот даночен службеник е должен да состави известување за констатираната неправилност со укажување истата да биде отстранета во рок од пет дена и истовремено службеникот му врачува покана за спроведување на едукација на лицето каде што е утврдена неправилноста.

Доколку даночниот обврзник за прв пат стори неправилност, но неправилноста ја отстрани во рок од пет дена по истекот на пропишаниот рок или овластениот даночен службеник ја констатира истата неправилност во рок од пет дена по истекот на пропишаниот рок, во тој случај овластениот даночен службеник е должен да состави известување за констатираната неправилност со укажување истата да биде отстранета во

рок од три дена и овој пат овластениот даночен службеник му врачува покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста.[37]

Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на нејзиното спроведување. Управата за јавни приходи ја спроведува едукацијата во рокот од три дена од денот кога била констатирана неправилноста. Едукацијата може да се спроведе за повеќе неправилности и за еден или за повеќе субјекти. Ако во терминот кога била закажана едукацијата лицето кое сторило прекршок не се јавило, ќе се смета дека едукацијата е спроведена. Доколку лицето кое сторило прекршок се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуцирано за утврдената неправилност.

Доколку при контролниот надзор даночниот службеник утврди дека неправилностите не се отстранети, за констатираниот прекршок на сторителот му предлага постапка за порамнување.

Министерот за финансии го определува начинот на кој се води евиденција за едукацијата. Управата за јавни приходи изготвува квартални извештаи за бројот на контролите кои ги спроведуваат даночните службеници и тие извештаи се објавуваат на веб-страницата на Управата.

37 Чл.178-д од Законот за даночна постапка, Службен весник на РМ Бр.13/06

VI ДЕЛ

КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ИЗВРШНИТЕ ДЕЈСТВИЈА ВО ПРИНУДНАТА НАПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Постапката за присилно извршување е различно уредена во различни земји. Разлики постојат како во поглед на органите односно телата што го спроведуваат присилното извршување така и во поглед на структурата на извршната постапка, така што може да се зборува за постоење на различни системи на извршна постапка во различни земји.[38]

Врз основа на горенаведеното и поради тоа што принудната наплата е доста интересна тема за разработка, ќе направиме споредбена анализа на принудната наплата во Северна Македонија и Србија.

КОМАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ИЗВРШИТЕЛИТЕ ВО СРБИЈА

Уште во 2013 година, претседателот на Комората на извршители на Србија се сретна со претседателот на Комората на извршители на Македонија и неговите соработници, кои во таа прилика потпишаа Меморандум за соработка помеѓу двете комори со цел, преку меѓународна размена на искуства, да се унапреди извршувањето во овие две земји и меѓусебната соработка.[39]

38Татјана Зороска-Камиловска, Вовед во извршно право, Правен факултет Јустинијан Први, ноември 2010 година

39 www.kirm.mk, пристапено на 28.02.2015 година;

Законот за извршување во Република Србија предвидува еден извршител на 25.000 жители, а се именува на подрачје на виш и на стопански суд.[40]

Со законот за извршување, којшто во Република Србија се нарекува Закон за извршување и обезбедување се уредува процесот на присилна наплата на побарувања и на обезбедување. Пред две години, со воведувањето на приватните извршители во правосудниот систем на Србија дојде до зголемено доброволното плаќање на долговите за комуналии и зајакнување на финасиската дисциплина. Првите приватни извршители во Република Србија почнаа со работа во мај 2012 година.

Според ставот на Комората на извршители во Република Србија и податоците кои таа ги поседува, во едно големо јавно комунално претпријатие само во еден месец нивото на доброволна наплата достигнало 97 %. Тоа е најдобрата последица од воведувањето на оваа професија – финансиската дисциплина односно редовното плаќање на долгови.[41]

Со донесувањето на Законот за извршување во Република Србија, процентот на решени предмети постојано растел, а со тоа извршителите станувале поефикасни во својата работа. Со воведувањето на оваа професија и нејзината функција полесно се доаѓало до податоците од службите и државните органи, кои со текот на времето се запознаваат со оваа професија. Условите кои треба да бидат исполнети за вршење на функцијата извршител во Србија и Северна Македонија се слични, особено во поглед на опремата и просториите за работа на извршителот, кои во српското законодавство не се толку дефинирани.

Битна карактеристика на извршителската функција е одговорноста, зашто како во Република Северна Македонија така и во Република Србија извршителите се често казнувани, бидејќи имаат надзор од три страни: од Комората на извршители преку нејзината надзорна комисија, од Министерството за правда и од судот.

40 www.kirm.mk, претседателката на Комората на извршители во Србија, Александра Трешњев, пристапено на 28.02.2015 година;

41www.kirm.mk, претседателката на Комората на извршители во Србија, Александра Трешњев, пристапено на 28.02.2015 година;

Покрај ова, извршителите одговораат со целиот свој имот за штетата. Одговорноста е суштинска карактеристика при работењето на секој извршител.[42]

Една од основните придобивки од воведувањето на приватните извршители во Србија е зајакнувањето на финасиската дисциплина, а тоа се согледува од порастот на бројот на наплатени предмети.

Извршувањето се спроведува на предлог на доверителот или по службена должност, ако со Закон не е поинаку определено, а имплементирано е од страна на судот или судските извршители. Извршителот го спроведува извршувањето врз основа на решението за извршување, освен ако со закон поинаку не е определено. Во предлогот за извршување потребно е да постојат основните податоци за должникот и доверителот.

Исто така, заедно со предлогот за извршување доверителот доставува до извршителот и оригинал извршна исправа или копија заверена кај нотар. Постапката за извршување и обезбедување е итна. Во процесот на извршување и обезбедување не е дозволено одложување, освен ако со закон не е поинаку определено. Кога во постапката постојат повеќе доверители кои сакаат да ги остварат своите парични побарувања спрема ист должник и во истиот случај на извршување, ќе се решаваат по редослед.

Како што погоре напоменавме, извршувањето се спроведува врз основа на извршна исправа која мора да биде оригинал или копија заверена кај нотар. Постојат повеќе видови на извршни исправи, на пр: правосилна одлука на судот и судско порамнување, како и други акти на страните кои се законски поистоветни со судско порамнување, извод од регистарот на подвижни предмети и права и извод од регистарот на финансиски лизинг, кој содржи информации за договорот за закуп и буџетските случаи на финансиски лизинг, конечна одлука донесена во управна и прекршочна постапка и порамнување во управна постапка, хипотека, залог или изјави направени во согласност со прописите кои ја регулираат хипотеката, извршна одлука која е потврдена како европска извршна исправа, усвоен план за реорганизација во стечај, чие донесување е утврдено со судска одлука и други документи кои се законски дефинирани како извршна исправа.

42 www.kirm.mk, претседателката на Комората на извршители во Србија, Александра Трешњев, пристапено на 28.02.2015 година;

Средствата за извршување претставуваат извршни дејствија со кои се бара насилно спроведеување на извршувањето. Средства за извршување со кои се постигнува реализација на парично побарување се: продажба на недвижен имот, пренос на парични побарувања, трансфер на кредит за предавање на подвижен или недвижен имот, ликвидација на други имотни права, трансфер на средства кои се чуваат на сметка во банка, продажба на акции и продажба на удел во стопански субјркти.

Средства за извршување со кои се постигнува реализација на непарични побарувања се: предавање на подвижен имот, евакуација и испорака на недвижен имот, извршување на обврски со чинење, нечинење или трпење, извршуваање на одлуки во семејните односи, извршување заради враќање на работникот на работа, извршување на одлука за поделба на ствари упис во јавните книги и издејстување изјава на волја. Предмети на извршување можат да бидат ствари и права на кои со закон може да се спроведе извршување заради остварување на побарувања.

Постојат и ограничувања во однос на тоа што може да биде предмет на извршување. На пример, не можат да бидат предмети на извршување ствари надвор од промет како ни други ствари кои законот ги исклучува. Исто така, предмет на извршување не можат да бидат објекти, оружје и опрема наменети за одбраната и националната безбедност.

Извршителот го спроведува извршувањето со средствата кои се наведени во одлуката на извршување, а кога не се утврдени средства, Извршителот врз основа на сопствен заклучок ги избира средствата и предметите со кои најдобро ќе може да го спроведе извршувањето и за кои смета дека ќе бидат најефикасни. Дејствие што може да го преземе извршителот е попис на движни ствари, со кое му се дава право да пребарува во станот на должникот под услови да биде присутен неговиот законски застапник или полномошник или двајца полнолетни членови. Доколку во определен рок должникот не го плати долгот, извршителот може да пристапи кон попис на стварите кои се наоѓаат во владение на должникот и притоа ќе се попишат онолку ствари колку што е потребно за да се намири побарувањето. Во случај извршувањето да е оневозможено, извршителот има право да побара асистенција од полиција во рок од пет работни денови пред денот кој е одреден за спроведување на извршувањето. Полицијата е должна по барање на

извршителот да употреби принудни средства, да го утврди идентитетот на присутните и да одземе возило или кој било предмет што е предмет на извршување.

Стварите коишто се одземени од должникот се оставаат на чување кај него или кај трето лице и забрането е тие да се употребуваат, но постои исклучок во случаи каде што тоа со налог го дозволил извршителот. За попишаните ствари извршителот спроведува продажба која ја објавува во јавно гласило или на огласна табла на суд. Доколку на продажбата се пријават повеќе лица, за купувач се смета она лице кое ќе ја уплати сумата која ја предложил извршителот на продажбата.

Исто така, како во Законот за извршување во Република Северна Македонија така и во Република Србија постои извршување врз недвижност, коешто се спроведува на ист начин. Во законот стои дека е потребно во предлогот за извршување доверителот да предложи попис на недвижности на должникот и да достави доказ за тоа дека недвижноста е на име на должникот.

На барање на доверителот, извршителот ќе изврши упис на заложно право врз таа недвижност во јавна книга. По уписот, извршителот ја определува вредноста на недвижноста и со заклучок утврдува место, време, начин и услови за спроведување на продажбата. Лицата коишто сакаат да учествуваат на продажбата потребно е да положат одредена сума на пари, односно една десетина од целокупната вредност на недвижноста пред почетокот на продажбата, за да имаат право да учествуваат. Недвижноста ќе ја купи лицето кое понудува највисока цена и кое во определениот рок којшто го дава извршителот ја плаќа целата сума.

Со предавање на недвижноста на купувачот се брише и заложното право врз таа недвижност и извршителот му наложува на должникот да се исели во определен рок.

Покрај овие начини на извршување, во Законот за извршување и обезбедување во Република Србија постои и принудна наплата врз сметка на должник. Извршителот има право да издаде налог за блокада на сметката на должникот односно на физичко или правно лице во банката каде што ја има сметката.

Врз основа на горенаведеното, можеме да кажеме дека со Законот за извршување во Република Северна Македонија и Законот за извршување и обезбедување во Република Србија, во делот на принудната наплата (попис на подвижни и недвижни ствари, блокада на сметка) се води истата постапка во двете земји, со тоа што во Законот на Република

Србија, покрај извршувањето е вметнато и обезбедувањето, како негов составен дел.

Покрај во овие две земји, Закон за извршување постоеше и во Хрватска - земја членка на ЕУ, но по спроведувањето на повеќе анализи, со воведувањето на јавни извршители, како што тие се нарекуваат во Хрватска, односно со бројот на извршни постапки во општинските и трговските судови во Загреб и Сплит и наплатените парични средства, постапката за наплата дополнително би се продолжила, трошоците би пораснале, а ефикасноста на извршната постапка би се намалила. Тие сметале дека наместо воведување јавни извршители, потребно е усовршување на постоечкиот систем на наплата и растоварување на судовите од извршните постапки. Во 2011 година Закон за јавни извршители е донесен и во Црна Гора. Со него се уредува организацијата на извршителите, постапките за спроведување на извршување, именувањето на извршителите и сл. Согласно со овој закон и во однос на дејствијата кои ги презема ивршителот, тој може по службена должност да побара податоци за имотот и приходите на должникот. Како во Република Северна Македонија и Република Србија така и во Црна Гора, извршителот постапува по предлогот за извршување кој го доставува доверителот и ги презема дејствијата кои се наведени во него. Доколку доверителот не потенцира кои дејства треба да се преземат при извршувањето, извршителот ги презема оние дејства за кои смета дека се најсоодветни.

Извршителот има право да достави налог до банка за блокада на сметката на должникот со цел да се реализира побарувањето. Покрај блокадата на сметка, еден од начините за принудна наплата на побарувањето е со продажба на подвижни и недвижни ствари.

Целта на јавните извршители, како што се наречени во овој закон, е во што е можно пократок рок да го реализираат побарувањето, да ја продадат недвижноста или подвижните ствари и со парите добиени од продажбата да се намират извршните трошоци, трошоците на доверителот и сите останати трошоци кои настанале во текот на постапката.

ЗАКЛУЧОК

Во изминативе години, извршителите постигнаа многу значајна цел во функционирањето на правниот систем и градењето на правната сигурност во државава.

Од поширок аспект на значењето на извршувањето, се постигна една многу крупна цел - јакнење на правната свест и кај физичките и кај правните лица дека долговите треба да се плаќаат без поведување каква било постапка.

Според истражувањето направено на дел од извршителите, се смета дека се подигна нивото на заштита на доверителите, а тоа значи дека се реализираат сè повеќе побарувања. Извршувањето порано беше посочувано од ЕУ како голема слабост на правосудниот систем на Република Македонија. Ова треба да се гледа и од аспект на странските инвеститори. Ако не се обезбеди извршување на судските одлуки, тоа не е во функција на привлекување странски инвеститори.

Нашата земја има изградено ефективен систем на извршување на судските одлуки. Извршителите го најдоа своето место и нивната работа има значаен придонес во јакнењето на правната сигурност на правните и на физичките лица и, воопшто, во функционирањето на правниот систем.

Од сето погоре наведено и од досегашната пракса сметам дека кога правиме споредба на позитивните и негативните страни од Законот за извршување, позитивните ги потиснуваат негативните. И покрај тоа што извршителите постоеле многу одамна како составен дел на судот, тие се покажале недоволно ефикасни и ефективни. Денес тие го достигнуваат највисокиот степен во своето работење.

Иако граѓаните се осетливи на оваа тема, кај нив сепак се разбуди свеста за навремено исполнување на обврските. Ако претходно се сметало дека никој ништо не може да ти стори ако не платиш определен долг, сега тоа не е така. Денес луѓето имаат сè поголема свест за исполнување на своите обврски. Се разбира, тоа го прават во рамките на своите можности, имајќи ги предвид ниските примања и, спортивно на тоа, високите давачки кои ги имаат граѓаните.

Мојот заклучок и мислење во однос на направената споредба меѓу приватните и даночните извршители е тоа дека меѓу нив има доста сличности, но и разлики, предности и недостатоци. Најпрво, предност на даночните извршители е тоа дека тие работат како составен дел на Управата за јавни приходи. Со тоа сакам да кажам дека денес луѓето се плашат од државните институции, посебно од Управата за јавни приходи. Како орган на државата, таа има овластувања да врши принудна наплата на даночните давачки и е во постојан судир со граѓаните, но сето тоа е многу различно кај приватните извршители. Приватниот извршител има директен судир со странките, се претставува пред нив во свое лично име и секојдневно е изложен на ризик.

Тоа не е случај со Управата за јавни приходи, бидејќи таа ја врши својата работа како инстуција, а даночните извршители не се претставуваат во свое име при преземањето на соодветни дејствија, што значи не се во директен контакт со граѓаните.

Што се однесува до дејствијата кои ги преземаат, и даночните и приватните извршители се скоро исти. И кај двата вида извршувањето се спроведува со блокада на сметки, попис на движни ствари и попис на недвижности, и сл. Најголемата разлика е привилегијата која ја уживаат даночните извршители, особено во однос на правилата кои треба да ги почитуваат. Иако правилата се јасно утврдени со закон, во пракса се покажува дека не се почитуваат доволно. Даночните извршители не ги почитуваат правилата во однос на примањата кои се изземени од извршување, туку ги повлекуваат сите средства од сметката на даночниот должник.

Наспроти тоа, Законот за извршување не им овозможува на приватните извршители доволна заштита во текот на работењето, во што и се гледа крутоста на Законот и негативната страна. Државните служби за обезбедување не се ефикасни и на повикот од извршителот бавно реагираат.

Сметам дека треба да се обрне повеќе внимание на заштитата на приватните извршители и дека надлежните служби треба побрзо да реагираат на побараната помош. Исто така, потребно е да се воведат поадекватни правила на постапување, бидејќи сметам дека постоечките правила истакнуваат еден строг режим. Врз основа на тоа постапуваат приватните извршители, плашејќи се да не бидат казнети со одредена санкција.

Поради специфичноста на функцијата и одговорноста која ја носат со себе, на извршителите треба да им се даде поголема заштита од државата. Сметам дека исходот од

воведувањето на некои измени во Законот ќе резултира со поефективно и поефикасно работење на извршителите, а со тоа ќе дојде и до пораст на бројот на реализирани побарувања.

БИБЛИОГРАФИЈА

1. Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2005); Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2006); Закон за дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 129/2006); Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 8/2008); Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 83/2009); Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2010); Закон за изменување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 83/2010); Закон за изменување на законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2010) и Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 171/2010), чиј пречистен текст - Закон за извршување е објавен во („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2011 година,
2. Правилник за определување на бројот на извршителите за подрачјето на Основниот суд и утврдување на критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на извршителите на подрачјето на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2006),
3. Правилник за формата и содржината и употребата на налогот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2006),
4. Правилник за начинот на водење на евиденцијата за извршителите („Службен весник на Република Македонија“ број 90/2005),
5. Правилник за видот на опремата и просторот потребни за вршење на извршните работи („Службен весник на Република Македонија“ 'број 90/2005),
6. Правилник за формата и содржината на легитимацијата на извршителот и начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на Република Македонија“ број 90/2005),

7. Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите („Службен весник на Република Македонија“ број 9/2011),
8. ЗАКОН ЗА ДАНОЧНА ПОСТАПКА („Службен весник на РМ“ бр.13/06; У.бр.228/2006),
9. Правилник за формата и содржината на службена легитимација на даночен извршител („Службен весник на Република Македонија“ бр 47/05),
10. Устав на Република Македонија
11. Закон за парнична постапка („Службен весник на РМ“, бр. 7 од 20.01.2011 година),
12. Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на РМ“, бр. 9 од 18.01.2008година),
13. Закон за обезбедување на побарувањата („Службен весник на РМ“, бр. 87 од 12.07.2007 година),
14. Закон за општа управна постака („Службен весник на РМ“ бр. 38),
15. Закон за нотаријат („Службен весник на РМ“, бр.55/2007; 86/2008; 139/2009 и 135/2011),
16. Закон за облигациони односи („Службен весник на РМ“, бр.18),
17. Закон за меѓународно приватно право („Службен весник на РМ“, бр. 87),
18. Материјали од семинари и советувања на извршителите објавени на страницата на КИРМ,
19. Коментар на Законот за извршување со судска практика и предметен регистар од професор д-р Кирил Чавдар и доцент д-р Кимо Чавдар.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

- **Законска регулатива**

1. Закон за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 35/2005); Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2006); Закон за дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 129/2006); Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 8/2008); Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 83/2009); Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 50/2010); Закон за изменување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 83/2010); Закон за изменување на законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2010) и Закон за изменување и дополнување на Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ број 171/2010), чиј пречистен текст - Закон за извршување е објавен во („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2011 година,
2. Закон за даночна постапка („Службен весник на РМ“, бр.13/06;У.бр.228/2006),
3. Закон за хартиите од вредност („Службен.весник на РМ“ бр.95/2005, бр. 25/2007, бр.7/2008),
4. Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ број 37/96) ,
5. Закон за катастар на недвижностите („Службен весник на РМ“, бр. 55 од 16.04.2013 година),
6. Закон за меѓународно приватно право („Службен весник на РМ“, бр. 87),
7. Закон за парнична постапка („Службен весник на РМ“, бр. 7 од 20.01.2011 година),
8. Закон за вонпарнична постапка („Службен весник на РМ“, бр. 9),
9. Закон за обезбедување на побарувањата („Службен весник на РМ“, бр. 87),
10. Закон за општа управна постака („Службен весник на РМ“ бр. 38),

11. Закон за нотаријат („Службен весник на РМ“, бр.55/2007; 86/2008; 139/2009 и 135/2011),
12. Закон за облигациони односи („Службен весник на РМ“, бр.18/2001),
13. Закон за меѓународно приватно право („Службен весник на РМ“, бр. 87),
14. Закон о извршењу и обезбеђењу („Службени огласник бр.31/2011.)

- Интернет извори

1. www.kirm.mk
2. www.telegraf.com.mk
3. www.utrinski.mk
4. www.dw.de
5. www.pravda.com.mk
6. www.pravdiko.com.mk
7. www.vecer.mk
8. http://pristapdopravda.mk/
9. http://www.mof.mk/
10. www.portal.sud.rs
11. http://www.pravda.rs/
12. http://www.komoraizvrsitelja.rs/

– **Книги**

1. Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска, Коментар на Законот за извршување, 2012
2. А. Јаневски, „Ново извршно право на Република Македонија“, „Деловно право“, бр. 15/06, 2006
3. Т. Зороска-Камиловска, Претходни мерки по Законот за обезбедување на побарувања, „Деловно право“, 2008
4. Арсен Јаневски, Татјана Зороска-Камиловска, Граѓанско процесно право (Книга прва – Парнично право), Правен факултет „Јустинијан Први“ – УКИМ, Скопје,2009
5. Г. Станковиќ, Граѓанско процесно право, друга свеска Вонпарнично и извршно процесно право,Свен- Ниш 2007

6. M. Dika, Граѓанско извршно право, Загреб 2007
7. „Вовед во извршно право“, доц д-р Татјана Камилоска-Зоровска, ноември 2010
8. Материјали од семинари и советувања на извршителите објавени на страницата на КИРМ
9. Коментар на Законот за извршување со судска практика и предметен регистар од професор д-р Кирил Чавдар и доцент д-р Кимо Чавдар
10. А.Јаневски, „Осврт на некои решенија на новиот Закон за извршување“, Судиска ревија, Скопје
11. А.Јаневски, „Ново извршно право на Република Македонија“, Деловно право, бр.15, Скопје